- Прес-конференција за студентите вратени од пракса во Германија.
- Планови и подготовски за нова програмска шема на УГД ФМ.
- Планови и подготовки за одбележување – Три години УГД ФМ.
- Видеоподдршка, снимање, фотографирање и документирање на настани и активности на УГД:
- Специјален прилог за уписи на УГД.
- Прв академски час.
- Посета на министер за животна средина и просторно планирање.
- Прес-конференција – студентите на ФТБЛ од пракса во Германија.
- Поетски разговори со Никола Маџиров.
- Работа на серверот на телевизијата.
- Работа на решавање на технички проблем со емитување на видео содржини на интерната телевизија.

**Октомври 2012 г.**

- Реализација на редовната програмска шема на „УГД ФМ“:
- Вести од светот – 9 часот.
- Вести од Македонија – 10 часот.
- Утринска програма „Може да почнеме“, 7.45-9.45 часот.
- Емисија за култура „Култ фу“, 12-13 часот.
- Пладневна емисија „Свеж воздух“, 13 – 16 часот.

- Подготовка на емисии заедно со студенти-волонтери.
- Монтажа и продукција на снимени емисии.
- Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.
- Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.
- Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.
- Подготовка на содржини за Универзитетски весник.
- Проследување на настани на УГД.
- Проследување на настани во Ректорат.
- Посета на министер за животна средина и просторно планирање.
- Прв акдемски час.
- Прес-конференција за студентите вратени од пракса во Германија.
- Подготовки за одбележување – Три години УГД ФМ.
- Подготовки за активности по повод третиот роденден на УГД ФМ: Јавна трибина, специјална радиопрограма, забава.
- Видеоподдршка, снимање, фотографирање и документирање на настани и активности на УГД.
- Три години УГД ФМ.
- Прес-конференција за јавна трибина „Универзитетските радиостаници, нивната функција и развој“.
- Настап на дувачки оркестар при УГД на Интерфест-Битола.
- Предавање на Енди Пејкоф.
- Посета на Амбасадор на Р.Турција.
- Промоција на сертификат на ФПТН.
- Недела на германски филм.
- Конференција на ФТБЛ.
- Семинар за физиотерапевти.
- Договор за соработка со Универзитет „Св.Апостол Павле“.
- Архивирање на видео и фото материјали.
- Работа на серверот на телевизијата.
- Дизајни за веб, леток, УГД продавница, УГД инфо.

### 3.4. Дополнителни активности на Центарот за односи со јавноста со неговите Оддел за маркетинг и протокол и Оддел за радио и ТВ

Центарот за односи со јавноста, со своите Оддел за маркетинг и протокол и Оддел за радио и ТВ, реализираше неколку културни манифестации, фестивали, културни активности, филмски проекции и сл.

Во периодот од октомври 2011 до октомври 2012 год. беа реализирани следните активности:

- Недела на германски филм – октомври 2011 г.;
- Културна манифестација „УГД сцена“ – октомври/декември 2011 г.;
- Новогодишна театарска претстава за деца „Девојчето со кибритчињата“;
- Филмска проекција „Состојба на шок“ – март 2012 г.;
- Филмска проекција „Жената што ги избриша солзите“ – март 2012 г.;
- Филмска проекција „Состојба на шок“ – април 2012 г.;

– Недела на француски филм, мај 2012 г.;
– Фестивал на театар и краток филм „КУЛТРА“ – јуни 2012 г.;
– Поетска вечер „Поетски разговори со Никола Маџиров“, септември 2012 г.;
– Недела на германски филм, октомври 2012 г.

**ЦЕНТАР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**Раководител**
**Марија Манева**

## ЦЕНТАР ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ

**Извештај за работењето на Центарот за електронско учење за периодот јануари 2012- ноември 2012 година**

Основната цел на Центарот за електронско учење (ЦЕУ) е да се воведат модерни форми на учење на Универзитетот „Гоце Делчев“, нови технологии (интерактивни табли, графички табли, мултимедиумски софтвер и хардвер, аудиовизуелна опрема и друго), како и перманентни обуки на наставници, учители, студенти и ученици од универзитети и училишта во Република Македонија.

Центарот за електронско учење моментално функционира во состав:

| Бр. | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1 | Д-р Зоран Здравев | доцент на Факултетот за информатика |
| 2. | М-р Ѓорги Димов | асистент на Факултетот за информатика |
| 3. | М-р Силвана Жежова | пом. асистент на Технолошко-технички факултет |
| 4. | Сања Стефанова | дипл. инж. инф., волонтер |
| 5. | Марина Иванова | дипл. инж. инф., волонтер |
| 6. | Стојанче Спасов | дипл. инж. инф., волонтер |

1. **Извештај за тековните активности на Центарот за електронско учење**

Во периодот од јануари 2012 до декември 2012 година, во рамките на Центарот за електронско учење се реализираа голем број на активности, според предвидената програма за работа. Во континуитет е даден хронолошки преглед на реализираните редовни и вонредни активности од страна на Центарот за електронско учење:

1. Во периодот од 23.1 до 31.1.2012 г. во рамките на Центарот за електронско учење се реализираа следниве тековни активности:

– уредување и одржување на Moodle 2 платформата, постоечките курсеви и решавање на проблеми со кориснички невалидни профили (редовна активност);
– делегирање на права за креирање на курсеви на сите наставници и асистенти за нивните матични факултети на Moodle 2 платформата;
– телефонска и онлајн поддршка и изработка на упатства за користење на Moodle 2 платформата.

2. Во периодот од 1.2 до 29.2.2012 г., покрај тековните активности во просториите на Центарот за електронско учење се реализираа и следниве активности:

– изработка на веб-страница на Центарот за електронско учење;
– изработка на статистика за користење на Moodle 2 платформата;
– изработка на веб-страница за Темпус.

Исто така, во овој период беше извршена подготовка и реализација на курсевите на тема ***„КОРИСТЕЊЕ НА ИТ РЕСУРСИТЕ НА УГД“*** за сите нововработени на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Курсевите се реализираа во периодот (13.2 – 23.2.2012 година) и на истите присуствуваа вкупно 32 учесници од сите 13 факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“.

3. Во периодот од 1.3. до 31.5.2012 година беа реализирани голем број тековни активности, како:

– изработка на веб-страница на Центарот за електронско учење;
– уредување и одржување на Moodle 2 платформата, постоечките курсеви, тестирање на грешки и решавање на проблеми со кориснички невалидни профили;
– делегирање на права за креирање на курсеви на сите наставници и асистенти за нивните матични факултети на Moodle 2 платформата;
– телефонска и онлајн поддршка и изработка на упатства за користење на Moodle 2 платформата;
– ажурирање на курсеви на Moodle 2 платформата;
– надградба на системот за е-учење „Moodle 2“ и решавање на технички проблеми во соработка со ИТ центарот;
– решавање на проблеми со кориснички профили.

4. Во периодот од 1.6. до 13.7.2012 г., во рамките на Центарот за електронско учење се реализираа следниве тековни активности:

– надградба на Moodle 2 платформата;
– ажурирање на курсеви и уредување на новиот систем на Moodle 2.3.1 платформата;
– изработка на веб-страница на Центарот за електронско учење;
– телефонска и онлајн поддршка и изработка на упатства за користење на Moodle 2.3.1 платформата;
– доделување на права за креирање на курсеви на Moodle 2.3.1 платформата;
– решавање на проблеми со кориснички профили;
– администрација на повици;
– креирање на краен извештај за пописот;
– уредување и одржување на новиот систем на Moodle 2.3.1 платформата и изработка на упатства за користење на истата.

Во периодот од 7.6 до 14.6.2012 година во просториите на болницата „Филип II“, се одржаа курсевите на тема: „***ВОВЕД ВО Е-УЧЕЊЕ***“. На курсевите присуствуваа околу 20 наставници и соработници од болницата „Филип II“.

5. Во периодот од 8.8 до 28.9.2012 г., Центарот за електронско учење според планираната динамика ги реализираше следниве активности:

– администрација на повици;
– истражување за најновата верзија на Moodle 2.3.1 платформата;
– надградба на Moodle 2 платформата;

– изработка на упатства за користење на Moodle 2.3.1 платформата;
– уредување и одржување на новиот систем на Moodle 2.3.1 платформата;
– решавање на проблеми со кориснички профили и нивно уредување;
– ажурирање на курсеви на новиот систем на Moodle 2.3.1 платформата;
– доделување на права за креирање и уредување на курсеви;
– техничка поддршка во ЦЕУ.

Во периодот од 10.9 до 14.9.2012 година се реализираа курсевите на тема ***„КОРИСТЕЊЕ НА НОВАТА ВЕРЗИЈА НА Е-УЧЕЊЕ (MOODLE 2.3.1)“*** за наставничкиот и соработничкиот кадар на Универзитетот „Гоце Делчев“. На курсевите присуствуваа вкупно 147 учесници.

6. Во периодот од 1.10 до 30.11.2012 г., во рамките на Центарот за електронско учење беше извршено уредување на новата Moodle 2.3.1 платформата, постоечките курсеви и решавање на проблеми со кориснички невалидни профили. Исто така, беа реализирани и тековните активности потребни за одржување и користење на Moodle 2.3.1 платформата. Во овој период беше одржана и работилница за креирање на атрактивни презентации со „Prezi“ за наставничкиот и соработничкиот кадар на Универзитетот „Гоце Делчев“.

2. **Систем за управување со учењето (Learning management System –Moodle)**

Центарот за електронско учење за потребите на наставниците, соработниците и студентите на УГД го управува „Системот за електронско учење“. Од 2008 до јули 2011 год. се користеше верзијата на Moodle 1.9 која беше инсталирана на сервер со скромен капацитет (20 GB мемориски простор без можност за проширување). Во јули 2011 год. е инсталирана нова платформа со верзија Moodle 2.1 и на сервер со поголеми можности и во многу кратко време е усвоена за редовна работа. Во јули 2012 год. е инсталирана новата верзија на е-учење (Moodle 2.3.1). Во табела 1 се дадени податоците што ја дефинираат моменталната искористеност на Moodle 2.3.1 платформата според податоците земени на 26 ноември 2012 г. Вкупниот број на корисници на Moodle 2.3.1 платформата изнесува околу 13.247 корисници, од кои 321 се професори, асистенти и лаборанти, а останатите се студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Моментално, вкупно се креирани 958 курсеви кои се активни, односно креирачите на своите курсеви водат редовна и постојана контрола на своите курсеви, за содржините, активностите и студентите зачленети во нив.

*Табела 1. Искористеност на Moodle 2.3.1 платформата (26.11.2012 г.)*

| | **Вкупен број:** |
|---|---|
| **Курсеви:** | 958 |
| **Корисници:** | 13247 |
| **Задачи на улогите:** | 37541 |
| **Предавачи:** | 321 |
| **Пораки:** | 12370 |
| **Прашања:** | 409 |
| **Ресурси:** | 7481 |

Просечен број на учесници (40.04)
Просечен број на курсеви (11.37)

Во табела 2 е даден преглед на бројот на наставници/соработници кои ја користат Moodle 2.3.1 платформата во наставниот процес, од сите 13 факултета во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“:

*Табела 2. *Број на наставници/соработници по факултети кои ја користат Moodle 2.3.1*

| | |
|---|---|
| Факултет за музичка уметност | 1 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 19 |
| Факултет за образовни науки | 7 |
| Факултет за медицински науки | 56 |
| Земјоделски факултет | 16 |
| Електротехнички факултет | 10 |
| Технолошко-технички факултет | 11 |
| Факултет за природни и технички науки | 26 |
| Економски факултет | 16 |
| Филолошки факултет | 16 |
| Правен факултет | 8 |
| Факултет за информатика | 17 |
| Машински факултет | 13 |
| **ВКУПНО** | **216** |

* (Напомена: во горната табела се влезени и наставници/соработници кои се од други факултети, но држат настава на споменатиот факултет – тоа значи дека некои наставници/соработници може да се повторуваат во горниве бројки, што значи дека вкупната реалната бројка од 216 е помала за 10-20)

3. **Реализирани курсеви**

Во рамките на Центарот за електронско учење во периодот од јануари 2012 до декември 2012 година се реализираа следниве курсеви. Во прилог се дадени одржаните кусеви и бројот на присутни учесници по хронолошки редослед.

Курсевите за ***„КОРИСТЕЊЕ ИТ РЕСУРСИТЕ НА УГД“*** за сите нововработени во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ се одржаа во периодот од 13.2 до 23.2.2012 година. Целта на овие курсеви е запознавање на новоработените со начинот на користење на постојаните ИТ ресурси на УГД и стекнување на вештини за нивна правилна и ефикасна употреба.

Во рамките на овие курсеви новоработените се здобија со следниве компентенции:

– усвојување на основните концепти за користење на компјутерите за комуникација, истражување и канцелариско работење;
– усвојување на основните концепти на интернет технологијата;
– усвојување на основните концепти на офлајн и онлајн канцеларискoто работење;
– усвојување на основните концепти за користење на бази на податоци;
– усвојување на основните концепти на „Документ менаџмент систем“;
– начини и правила на користење на системот;
– начини на комуникација помеѓу лицата корисници на системот.

Курсевите за новоработените беа организирани во групи и се реализираа во три дела: канцелариско работење и комуникација, користење на DMS и ERP системот на УГД и користење на хардверските уреди на УГД:

***Дел 1 – 3 часа***

– Оперативен систем Windows 7, фајлови, филдери, copy/cut/paste, save/save as, интернет: користење на пребарувачи, пребарување.
– Програма за имејл и личен помошник Microsoft Outlook, примање и праќање имејл, потписи, групен имејл, адресар, користење на календар и потсетник.
– Програма за обработка на текстови Microsoft Word, креирање документи, теркови, зачувување, печатење, користење табели, набројување, рамки, вметнување објекти, референци, прегледување и евидентирање.
– Програма за табеларни пресметки Microsoft Excel, креирање табели, зачувување, печатење, користење дополнителни листови, вметнување објекти, форматирање, вметнување формули, графичко претставување.

***Дел 2 –3 часа***

– DMS и ERP системот на УГД, внесување документи, коригирање на документи, систем за студентска евиденција.

***Дел 3 – 3 часа***

– Користење на системот за телефонија, ЛЦД проектори, преносни компјутери, токени, интерактивни табли, мерки за нивно правилно користење и заштита при работата.

Во табелата 3 е даден датумот на одржување на курсот, бројот на присутни наставници и соработници, како и предавачот кој го одржал курсот.

*Табела 3.Датум на одржување на курсот и број на присутни наставници и соработници*

| **Датум на одржување на курсот** | **Број на присутни** | **Предавач** |
|---|---|---|
| 1 термин (13.2.2012 год) | 4 | м-р Ѓорги Димов<br>м-р Силвана Крстева |
| 2 термин (14.2.2012 год) | 10 | м-р Ѓорги Димов<br>м-р Силвана Крстева |
| 3 термин (16.2.2012 год) | 2 | Гоце Богатинов |
| 4 термин (17.2.2012 год) | 6 | Гоце Богатинов |
| 5 термин (21.2.2012 год) | 3 | м-р Ѓорги Димов |
| 6 термин (23.2.2012 год) | 7 | м-р Ѓорги Димов<br>м-р Силвана Крстева |
| **Вкупно:** | **32** | |

Во табела 4 е даден бројот на вкупно одржани часови од страна на секој од предавачите на курсот.

*Табела 4. Вкупен број на одржани часови*

| **Предавач** | **Број на вкупно одржани часови** |
|---|---|
| м-р Ѓорги Димов | 12 |
| м-р Силвана Крстева | 9 |
| Гоце Богатинов | 6 |
| **Вкупно:** | **27** |

2. Курсевите на тема ***„ВОВЕД ВО Е-УЧЕЊЕ“*** се одржаа во просториите на болницата „Филип II“, во периодот од 7.6 до 14.6.2012 година. Целта на овие курсеви е запознавање на наставничкиот и соработничкиот кадар од болницата „Филип II“ со можностите за интегрирање на ИТ алатките (Moodle платформата) во наставниот процес и стекнување на вештини за правилна и ефикасна употреба.

Курсевите беа организирани во две групи, на принципот: два работни дена со агенда: 2 ефективни часови (14 - 16 ч.). На курсевите присуствуваа околу 20 наставници и соработници од болницата „Филип II“. Во табела 5 е даден бројот на вкупно одржани часови од страна на секој од предавачите на курсот.

*Табела 5. Вкупен број на одржани часови*

| **Предавач** | **Број на вкупно одржани часови** |
|---|---|
| доц. д-р Зоран Здравев | 2 часа + 4 часа пат |
| м-р Ѓорги Димов | 4 часа + 8 часа пат |
| м-р Силвана Крстева | 2 часа + 4 часа пат |
| **Вкупно:** | **24** |

3. Курсевите на тема ***„КОРИСТЕЊЕ НА НОВАТА ВЕРЗИЈА НА Е-УЧЕЊЕ (MOODLE 2.3.1)“*** се одржаа во просториите на Центарот за електронско учење во периодот од 10.9. до 14.9.2012 година. Целта на овие курсеви е запознавање на наставничкиот и соработничкиот кадар од сите факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“, со можностите кои ги нуди новата верзија на Е-учење (Moodle 2.3.1).

Еднодевните курсеви беа организирани во пет групи, со агенда: три ефективни часови од 10 до 13 ч. Во рамките на овие курсеви беа презентирани можностите што ги нуди Moodle 2.3.1 платформата за креирање и одржување на курсеви, како и запознавање со најчестите проблеми со кои се соочуваат корисниците. Исто така, беа презентирани и примери за добра пракса при креирање на онлајн курсевите и критериуми за евалуација на истите.

Во табелата 6 е даден датумот на одржување на курсот, бројот на присутни наставници и соработници, како и предавачот што го одржал курсот.

*Табела 6.Датум на одржување на курсот и број на присутни наставници и соработници*

| **Датум на одржување на курсот** | **Број на присутни** | **Предавач** |
|---|---|---|
| 1 термин (10.9.2012 год.) | 30 | доц. д-р Зоран Здравев<br>м-р Ѓорги Димов<br>м-р Силвана Жежова |
| 2 термин (11.9.2012 год.) | 30 | доц. д-р Зоран Здравев<br>м-р Ѓорги Димов<br>м-р Силвана Жежова |
| 3 термин (12.9.2012 год.) | 37 | доц. д-р Зоран Здравев<br>м-р Ѓорги Димов<br>м-р Силвана Жежова |
| 4 термин (13.9.2012 год.) | 32 | м-р Ѓорги Димов |
| 5 термин (14.9.2012 год.) | 18 | м-р Силвана Жежова |
| **Вкупно:** | **147** | |

Во табела 7 е даден вкупниот број на часови за подготовка и одржување на курсевите за секој од предавачите на курсот.

*Табела 7. Вкупен број на часови за подготовка и одржување на курсевите*

| **Предавач** | **Број на часови за подготовка и одржување на курсевите** |
|---|---|
| доц. д-р Зоран Здравев | 9+9 |
| м-р Ѓорги Димов | 6+12 |
| м-р Силвана Жежова | 6+12 |
| **Вкупно:** | **21+33** |

Во табелата 8 е даден сумарен преглед на бројот на одржани курсеви во рамките на Центарот за електронско учење и бројот на присутни учесници во периодот од јануари 2012 до декември 2012 година.

*Табела 8. Вкупен број на одржани курсеви и учесници*

| **Одржани курсеви** | **Број на присутни** |
|---|---|
| 1. Курсевите на тема ***„Користење ИТ ресурсите на УГД“*** за новвработените | **32** |
| 2. Курсевите на тема ***„Вовед во е-учење“*** | **20** |
| 3. Курсевите на тема ***„Користење на новата верзија на е-учење (moodle 2.3.1)“*** | **147** |
| | |
| **Вкупно кандидати:** | **199** |

**раководител**

**доц. д-р Зоран Здравев**

## КАНЦЕЛАРИЈА ЗА КАРИЕРА И АЛУМНИ КЛУБ

**Активности**

Во текот на 2012 година главни активности на Канцеларијата за кариера беа работата со студенти во однос на нивната практична настава, администрација на нивните документи, контакти со компании, контакти со државни институции, Општина Штип, помагање на студентите при избор на литература за изработка на есеи, семинарски и дипломски трудови, учество на неколку презентации и учество во работни групи од областа на труд и кариера.

Графички приказ на потрошено време




**Практична настава**

Во периодот март - мај, по оглас на **Народна банка на Република Македонија**, се спроведуваше пријавување на студенти за пракса во НБРМ. Околу 30 студенти беа заинтересирани, а 14 студенти беа на пракса. Канцеларијата за кариера им даваше информации за начинот на пријавување, периодот на изведување на праксата, условите што треба да ги исполнат, каде би се извршувала практичната настава, дали им следува хонорар, помош при подготовка на потребните документи и сл. Студентите кои се откажаа од процесот на аплицирање, како причина го наведуваа местото на изведување на праксата и трошоците што би ги имале за време на едномесечниот престој во Скопје.



За потребите на **Дирекцијата за заштита на лични податоци**, во септември беше подготвен оглас за волонтирање за студенти од Економски и Правен факултет за летниот период 2013 година. Огласот беше објавен на веб-страниците на факултетите - student.ugd.edu.mk и на Канцеларијата за кариера. За волонтирањето беа заинтересирани 12 студенти од кои 6 се одлучија да аплицираат.




Во текот на јуни беше објавен оглас од **Министерството за информатичко општество и администрација** за студенти од Факултет за информатика во врска со неколку актуелни проекти на Министерството: „Светот на дланка – бесплатни интернет клубови“ и „Компјутер за секое дете“. Заинтересирани беа околу 10 студенти, а на пракса беа 6 студенти.

Презентација од Секторот за човечки ресурси на **Прокредит банка** за Програма за млади банкари за студентите од четврта година на Економски факултет. Преговори за понатамошна соработка и дополнителни презентации на можностите што ги нуди за професионално усовршување Прокредит за студентите од Економски факултет.

Редовна пракса во **НЛБ Тутунска банка - Филијала Штип** за студенти од Економски факултет.




**Пракса за студенти од Филолошки факултет 2011-2012 г.**



Обновени договори за пракса со сите основни и средни училишта во Штип за пракса на студентите од Филолошки факултет. Заедно со менторите за пракса од Филолошки факултет, Марица Тасевска и Адријана Зејтиникова, изготвени се списоци за сите студиски програми од сите четири години на студии за престојната 2012 -2013 година. Во списоците се опфатени околу 600 студенти.




Во соработка со проф. Мите Илиевски од Земјоделски факултет, распоредени се околу 250 студенти од Штип, Свети Николе и Струмица во различни компании.






Во соработка со Факултетот за туризам и бизнис логистика е изготвен список и упатници за студентите кои се на летна пракса на Балтик колеџ во Германија.




**Договори за реализирање на практична настава за студенти**




Факултетот за туризам и бизнис логистика има најмногу склучени договори за изведување на практична настава (над 300 договори).

**Истражувања**

Во текот на 2012 година, Канцеларијата за кариера учествуваше во четири истражувања, а едно е сè уште во тек.

Во периодот од февруари до април се спроведе истражување за **интересот кај матурантите од Источна Македонија за упис на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**. Притоа, од страна на ЦОЈ, се подготвени: анкетен прашалник, извршено теренско прибирање на податоците во Велес, Кочани, Кавадарци, Свети Николе, Струмица, Гевгелија, Валандово, Виница, Пробиштип и Штип.

Собрани се 1.102 прашалници од 15 средни училишта. Прегледот и анализата на податоците во Excel ги направи Канцеларијата за кариера.

Вкупните резултати од истражувањето се во прилог 1.

Во мај и јуни е спроведено истражување за **слушаноста на Универзитетското радио УГД ФМ** на територијата на Штип. Истражувањето е спроведено на 123 испитаници, а за анализата е користен SPSS, софтвер за статистичка анализа.

Резултатите од истражувањето може да се добијат по барање.

Во прилог 2 е анкетниот прашалник.

Во јуни и јули е направено истражување за потребите на ЦОЈ за **следење на културно, забавни и едукативни содржини на УГД**. Прашалникот го подготви Канцеларијата за кариера, како и анализата на податоците. Прашалникот е објавен на student.ugd.edu.mk и го одговорија 150 студенти. Анализата е направена во SPSS.

Резултатите може да се добијат по барање.

Во текот на ноември е извршено истражување за **број на дипломирани студенти на Земјоделски факултет – насоки Енологија и Лозарство**, како и нивен **моментален работен статус**. Дополнително се проверени досиејата на студентите од насока Енологија за да се утврди во кои компании биле на пракса во текот на студирањето.

Резултатите од истражувањето се во прилог 3.

**Проекти**

**УГД продавница**

Во соработка со ЦОЈ, во периодот јуни - октомври е подготвен Предлог-проект ***УГД продавница***. Односно, креирање на продажни места/штандови каде што посетителите, гостите, студентите и сите потенцијални купувачи би имале можност да купат УГД брендирани производи. Продажните места ќе бидат поставени во посебно означени/брендирани места во рамките на универзитетските книжарници и УГД инфо центарот. Заинтересираните купувачи би имале можност да купат различни производи: чаши, маици, памучни блузони, стрес топчиња, приврзоци, пластични пенкала, кутии за пенкала, капи, тефтери, платнени или хартиени торби, пластични и метални беџови, хартиени папки, дрвени подлоги за чаши, чадори и сл. Брендирањето ќе се врши со печатење на универзитетско лого, информации за контакт на Универзитетот, содржини специфични за УГД. Во текот на септември и октомври се работеше со две групи на студенти. Едната од насоката Компјутерски дизајн за креирање на идејни решенија за брендирани производи и втора група од насоката Архитектура и дизајн за креирање на идејни решенија за полици. Проектот е во фаза на прибирање на понуди за изработка на полици и усогласување со плановите за продажба на Уни-сервис.

**Проект Bridges**

Учество на конференција на проект Bridges (проект-координатор Васко Златковски) и учество на неколку семинари, каде што се зборуваше за подготовка на CV, мотивациско писмо и однесување на интервју.

**Претприемачки викенд МОН**

Во текот на мај се одржа претприемачки викенд за студетните од УГД. Учествуваа осум тимови составени од три студенти. Канцеларијата за кариера во текот на неделата, пред прогласувањето на победниците, им

помагаше на студентите со избор на идеи за бизнис, анализа на пазарот, конкуренцијата, можностите за развој, релевантни истражувања за бизнисот, потребна документација за отворање, како и пресметување на почетниот капитал и одржливоста на бизнисот.

**Учество во организација на „Култра“ – фестивал на театар и краток филм**

Помош при креирање на маркетинг план, дизајн на промотивен материјал, пронаоѓање на студенти волонтери коишто активно би се вклучиле во организацијата на фестивалот.

**Останати активности**

**ИСО**

Во текот на јули и август, со Љубица Стефановска и Емилија Ристовска се работеше во креирање на Правилник и подготовка на правила за Канцеларијата за кариера и Алумни клуб.

**Преглед на CV од студенти**

На веб-страницата на Канцеларијата за кариера е креиран линк, преку кој студентите се информираат каде може да го испратат своето CV на преглед и да добијат повратни информации дали им е добро изработено, кој формат треба да го користат, техничко уредување, промени во темите што ги содржи, насоки за подобрување, препорака на литература што би им помогнала при изработката и сл.

Во текот на годината имавме добиено околу десетина пријави од студенти и невработени лица кои беа заинтересирани за подобрување на нивното CV.

**Креирана сопствена база и принцип на издавање на упатници**

Поради обемот и ефикасноста во процесот на издавање на упатници, Канцеларијата за кариера креираше сопствен начин на издавање на упатниците и нивна евиденција. Имено, креиравме база на податоци во Access од сите запишани студенти (информациите се добиени преку службите за е-индекс) и ги поврзаваме со еден ворд документ, каде што се креирани динамични полиња за податоците на студентите. На овој начин постои само еден ворд документ, а сите податоци се зачувуваат во базата на податоци, во спротивно би постоеле илјадници ворд документи за студентите кои имаат земено упатница. Тоа овозможува и подобар увид за следењето на студентите и кои компании и институции ги имаат посетено за време на праксата. Ова сепак е делумно решение. Мора да постои целосно електронско решение за издавање на упатниците преку системот што го поседува УГД, дали тоа ќе биде преку е-индекс или некоја друга слична платформа.

**Мотивациско писмо / Еразмус програма**

За време на аплицирањето за програмата Еразмус, на студентите како еден од основните документи им беше мотивациско писмо. Канцеларијата за кариера им нудеше помош при изработка на мотивациското писмо преку директни консултации за неговата содржина, неговата изработка, стилот на пишување и негово техничко уредување.

**Издавање на книги**

Во склопот на Канцеларијата за кариера постои библиотека со преку 7.000 книги. Студентите секојдневно доаѓаат и се консултираат за литература потребна за изработка на есеи, семинарски, дипломски и магистерски трудови.

| Број на издадени книги | Број на услужени студенти |
| --- | --- |
| **349[1]** | **123** |

**Ревидирана брошура**

Брошурата со најчесто поставувани прашања од страна на студентите во врска со практичната настава и одговори на тие прашања е ревидирана и надополнета со нови информации. Во брошурата се објаснети процесите, потребните документи и одговорните лица за извршување на практичната настава. Истите се достапни на веб-страната на Канцеларијата за кариера и Алумни клуб: http://ckr.ugd.edu.mk/images/stories/dokumenti/pio.pdf

**Прирачник за студенти**

Во подготовка е прирачник во којшто би се содржале информации како се пишуваат разни формати на CV (европски и американски), мотивациско писмо, подготовка за интервју, информации за моменталниот пазар на труд, креирање на сопствено портфолио, самопроценка во однос на вредности, вештини, интереси. Во план е реазлизација заедно со некој бизнис субјект (Прокредит, Коузон и сл.), со тоа што тие би учествувале со сопствени средства за издавање на прирачникот и би ги споделиле сопствени искуства во однос на горенаведените теми.

Во соработка со асистент Златко Бежовски функционира Е-бизнис клуб во склоп на Универзитетот, каде што студентите може да се:

- стекнат со практични знаења и вештини од областа на е-бизнисот;
- креирана е мрежа на членови кои меѓусебно си помагаат, поддржуваат и разменуваат искуства;
- се креира претприемнички дух;
- самовработување;
- можност за креирање на онлајн бизнис.

Повеќе за Е-бизнис клубот на следниов линк: http://eclub.ugd.edu.mk/

**Забелешка**

За поефективно функционирање на активностите поврзани со практичната настава, неопходна е интеграција со веќе постоечката база на податоци на студенти и вработени на Универзитетот, односно визуелна достапност до податоците на студентите. Креирање на посебни колони во врска со практична настава, волонтирање и кое било дополнително ангажирање на студентите. Креирање на можност за автоматско печатење на упатницата. Моментално поради бројноста на студентите и непостоењето на интегрирано решение, невозможно е да се направи целосна евиденција и истата да се следи на подолг рок. Пример, колку студенти од Правен факултет посетувале пракса и каде, одреден студент каде бил на пракса, дали му е прва пракса итн. Сите овие филтри може да се интегрираат во веќе постоечкиот систем и одговорните од Канцеларијата за кариера мора да имаат пристап до Универзитетскиот систем, како и да се направат одредени надополнувања во софтверот во соработка со ИТ секторот. Истото се однесува и за работата на Алумни клубот. Без пристап до студентските досиеја и нивно пребарување постојат минимални опции и шанси за какво било поактивно комуницирање и следење на студентите.

**Веб-страница**

Веб-страницата на Канцеларијата за кариера (http://ckr.ugd.edu.mk) претставува место каде што се објавуваат голем број информации што би ги интересирале студенти и вработените на Универзитетот. Најчесто објавувани содржини се информации за конференции, работилници, конкурси, пракса и сл.



За поголема посетеност на веб-страницата е потребна нејзина интеграција со Facebook, којшто моментално е најпосетувана веб-страница и социјална мрежа во Македонија. На Facebook студентите од УГД поминуваат голем дел од своето време и се информираат за голем дел од настаните, испитите, термини за полагање, резултати итн. Неопходно е овозможување и пристап до оваа социјална мрежа на веб-страницата на Канцеларијата за кариера, што би овозможило поголем и подобар контакт со студентите. Иако некои информации се објавуваат и на англиски јазик, потребно е веб-страницата да добие и целосна двојазична форма.

Потребен е модел преку кој студентите, асистентите и професорите (може и други заинтересирани) да објавуваат статии или трудови на веб-страницата, што што би побудиле интерес кај сите посетители.

Делот за Алумни клуб воопшто не е развиен и е потребен целосен проект кој што би вклучил одредена група на професори, асистенти во неговото функционирање. Дополнително, во соработка со ИТ службите на УГД и со Факултетот за информатика, потребно е да се креира посебна веб-страница или портал што би претставувал еден вид социјална мрежа на студентите, којашто ќе содржи база на податоци за сите студенти од УГД, без разлика дали се тековни или веќе имаат дипломирано, база на податоци на сите фирми соработници, најразлични филтри за пребарување на студентите, пр. по просек, по година и отсек на студии, по моментален статус, по интереси итн. За креирање на ваков портал е потребен посериозен пристап и целосно решение за коешто можеби би било потребно и да се најми некоја компанија за да го изработи.

**Предлози**

**Предлог 1**

Посета на три групи од десет студенти на АВРМ во Скопје и нивно тестирање за професионална ориентација. Пожелно е студентите да бидат втора или трета година на студии. Тестирањето трае по неколку часа во текот на два работни дена. Во текот на шест работни дена би се тестирале околу 30 студенти. Како дополнителна активност би била и посетата на новоотворениот Музеј на македонската борба за државност и самостојност.

Потребни ресурси за реализација:

- 1 комбе (1 патување Штип-Скопје-Штип = 1.500 ден.);
- карти за Музејот на македонската борба за државност и самостојност (100 ден.).

Вкупен буџет: 9.500 ден.

**Предлог 2**

***Бизнис инкубатор***

Креирање на бизнис инкубатор во рамките на Универзитетот. За реализирањето на оваа идеја веќе е разговарано со претставници од ЛЕР – Општина Штип и Источен плански регион. Со претставници од овие институции бевме во посета на Бизнис инкубаторот во Битола на состанок

со менаџерката Розита Талевска-Христовска. На овој проект би можело да се соработува и со Фондацијата за развој на локалната заедница, којашто има аплицирано за ваков проект и би ја реализирале целата идеја со нивна помош. Предлогот е за почеток да се даде само техничка помош и можности за вмрежување на оние коишто почнуваат мали бизниси. На студентите / клиентите инкубаторот би им нудел простории, телефон, конференциска сала, интернет, стручна литература, списанија и сл. Овие услуги би се наплаќале со некоја симболична сума за сите почетни мали бизниси. Во зависност од интересот и динамиката, би се креирал дополнителен план за развој и проширување на активностите на инкубаторот (за истото веќе постои подготвен план).

За сите дополнителни информации во врска со бизнис инкубаторот, ви стоиме на располагање.

**Предлог 3**

Овозможување на студентски попуст со студентските легитимации во Универзитетскиот клуб. Попустот треба дополнително да се утврди со службите одговорни за ресторанот, меѓутоа одлуката треба да ја донесат управувачките тела при УГД (Универзитетски сенат, Ректорска управа итн).

# Прилози

## Прилог 1.

## Вкупни резултати од истражување за упис на Универзитет „Гоце Делчев“ кај матуранти 2011/2012 г.

| Пол | апсолутни бр. | проценти |
|---|---|---|
| машки | 466 | 42,29 |
| женски | 617 | 55,99 |
| без одговор | 19 | 1,72 |
| вкупно | 1.102 | 100 |




| продолжување на образование | апсолутни бр. | проценти |
|---|---|---|
| да | 1.040 | 94,29 |
| не | 56 | 5,08 |
| без одговор | 7 | 0,63 |
| вкупно | 1.103 | 100 |



| клучни фактори за избор | апсолутни бр. | проценти |
|---|---|---|
| локација | 273 | 42,10 |
| цена | 180 | 36,84 |
| квалитет на програма | 473 | 47,37 |
| актуелност | 113 | 15,79 |
| личен интерес | 487 | 42,10 |
| пријатели | 70 | 3,56 |
| практична работа | 291 | 21,05 |
| друго | 45 | 15,79 |
| без одговор | 36 | 1,83 |
| вкупно | 1.968 | 100 |




| избор на универзитет | апсолутни бр. | проценти |
|---|---|---|
| УКИМ | 400 | 33,09 |
| УКЛО | 73 | 6,04 |
| УГД | 487 | 40,28 |
| ДУТ | 6 | 0,50 |
| УЈИЕ | 21 | 1,74 |
| ФОН | 49 | 4,05 |
| друго | 120 | 9,93 |
| без одговор | 53 | 4,38 |
| вкупно | 1.209 | 100 |




| | УКИМ | УКЛО | УГД | ДУТ | УЈИЕ | ФОН | друго | без одговор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| апсолутни бр. | 400 | 73 | 487 | 6 | 21 | 49 | 120 | 53 |
| проценти | 33,09 | 6,04 | 40,28 | 0,50 | 1,74 | 4,05 | 9,93 | 4,38 |

| научни дисциплини | апсолутни бр. | проценти |
|---|---|---|
| општествени / хуманистички | 606 | 54,74 |
| природни | 425 | 38,39 |
| без одговор | 76 | 6,87 |
| вкупно | 1.107 | 100 |




| познати факултети на УГД | апсолутни бр. | проценти |
|---|---|---|
| Природни и технички науки | 231 | 4,83 |
| Образовни науки | 202 | 4,23 |
| Туризам и бизнис логистика | 482 | 10,09 |
| Правен ф. | 498 | 10,42 |
| Филолошки ф. | 401 | 8,39 |
| Економски ф. | 565 | 11,82 |
| Земјоделски ф. | 370 | 7,74 |
| Медицински науки | 494 | 10,34 |
| Музичка уметност | 321 | 6,72 |
| Машински ф. | 277 | 5,80 |
| Техничко-технолошки ф. | 155 | 3,24 |
| Електротехнички ф. | 223 | 4,67 |
| Информатика | 482 | 10,09 |
| без одговор | 78 | 1,63 |
| вкупно | 4779 | 100 |




| дали би се запишале на УГД | апсолутни бр. | проценти |
|---|---|---|
| да | 611 | 55,60 |
| не | 422 | 38,40 |
| без одговор | 66 | 6,01 |
| вкупно | 1.099 | 100 |



| на кој факултет би се запишале | апсолутни бр. | проценти |
|---|---|---|
| Природни и технички науки | 75 | 5,49 |
| Образовни науки | 50 | 3,66 |
| Туризам и логистика | 156 | 11,42 |
| Правен ф. | 123 | 9,00 |
| Филолошки ф. | 114 | 8,35 |
| Економски ф. | 144 | 10,54 |
| Земјоделски ф. | 55 | 4,03 |
| Медицински науки | 210 | 15,37 |
| Музичка уметност | 17 | 1,24 |
| Машински ф. | 49 | 3,59 |
| Техничко-технолошки ф. | 33 | 2,42 |
| Електротехнички ф. | 49 | 3,59 |
| Информатика | 119 | 8,71 |
| без одговор | 172 | 12,59 |
| вкупно | 1.366 | 100 |




| најголемо влијание за упис на УГД | апсолутни бр. | проценти |
|---|---|---|
| квалитет на настава | 456 | 29,38 |
| избор на факултети | 183 | 11,79 |
| цена на студии | 200 | 12,89 |
| локација | 283 | 18,23 |
| обуки и стручни работилници | 242 | 15,59 |
| друго | 69 | 4,45 |
| без одговор | 119 | 7,67 |
| вкупно | 1552 | 100 |

**Прилог 2**
**Анкетен лист**

Почитувани,

Податоците од овој анкетен лист ќе бидат употребени исклучиво за интерна потреба на Универзитетското радио „УГД ФМ“.

***Прашалникот се пополнува со заокружување на еден или повеќе од понудените одговори и со пополнување на празните места.**

**Град: _________________________________________**

**Пол: М Ж**

**1. Дали слушате „УГД ФМ“?**

1. Никогаш
2. Ретко
3. Понекогаш
4. Често
5. Многу често

**2. Во кој период од денот слушате „УГД ФМ“? (можни се повеќе одговори)**

1. 6 – 10 часот
2. 10 – 14 часот
3. 14 – 18 часот
4. 18 – 22 часот
5. По 22 часот

**3. Што најмногу Ви се допаѓа на „УГД ФМ“?**

1. Содржините
2. Музиката
3. Водителите
4. Ниту едно од горенаведените
5. Сите наведени
6. Друго _________________________

**4. Кои од следниве содржини ги слушате? (можни се повеќе одговори)**

1. Утринска програма „Може да почнеме“
2. Емисија за култура „Култ фу“
3. Пладневна емисија „Свеж воздух“
4. Музичка емисија „Џез индекс“
5. Музичка емисија „Рок блок“
6. Музичка емисија „Толку добри вибрации“
7. Музичка емисија „Ретроактивно“
8. Музичка емисија „Басни и тапани“
9. Музичка емисија „Акустика ФМ“
10. Музичка емисија „УГД топ 20“
11. Музичка емисија „Рок инфузија“
12. Едукативна емисија „Бизнис клуб“

13. Едукативна емисија „Лет од 4 до 5“
14. Музичка емисија „Музички инспирации“
15. Музичка емисија „Музика мундана“
16. Музичка емисија „Регенератор“
17. Едукативна емисија „Здравствен код“
18. Музичка емисија „Битови за живот“
19. Музичка емисија „Диџејс клуб“
20. Музичка емисија „Аркадија рок блок“
21. Забавна емисија „Студио алтернатив“
22. Студентска емисија „Амфитеатар“

**5. На скала од 1 до 5 (каде 1 е најмалку, а 5 најмногу) заокружете каков вид на содржини во иднина би сакале да слушате на „УГД ФМ“?**

Информативни содржини
**1 2 3 4 5**

Забавни содржини
**1 2 3 4 5**

Едукативни содржини
**1 2 3 4 5**

Музички содржини
**1 2 3 4 5**

**6. Како го оценувате Универзитетското радио „УГД ФМ“? (можни се повеќе одговори)**

**1. Забавно**
**2. Едукативно**
**3. Информативно**
**4. Здодевно**
**5. Неедукативно**
**6. Неинформативно**
**7. Друго ____________________________________________**

**Ви благодариме на соработката**
**Универзитетско радио „УГД ФМ“**

**Прилог 3**

СПИСОК НА СТУДЕНТИ - ПРАКТИКАНТИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ – ДИСПЕРЗИРАНИ СТУДИИ КАВАДАРЦИ

| | **Општа насока (три години)** | **Енологија*** | **Лозарство*** |
|---|---|---|---|
| **„Бовин“ Винарија** | 3 | / | / |
| **„Повардарие“** | 5 | 10 | 1 |
| **АД ГП ЗМ „Тиквеш“** | 4 | 17 | 1 |
| **„Попова кула“** | 2 | / | / |
| **Винарија „Попов“** | 1 | 2 | 1 |
| **„Пеца комерц“** | 1 | / | / |
| **„Ги ЕМ Ен“** | 1 | / | / |
| **„Агропин“** | / | 1 | / |
| **„Дим комерц“** | / | 1 | / |
| | 17 | 31 | 3 |
| ВКУПНО = 51 | | | |

МОДУЛИТЕ ЕНОЛОГИЈА И ЛОЗАРСТВО, СТУДЕНТИТЕ ГИ БИРААТ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ТРЕТА ГОДИНА НА СТУДИИ.

ВКУПЕН БРОЈ НА СТУДЕНТИ ШТО ТРЕБА ДА ПОМИНАТ ПРАКСА: 105[1]

– Од единаесетмина студенти со коишто пробав да контактирам по телефон, успеав да стапам во контакт со петмина. На останатите им испратив и-мејл и се надевам дека ќе одговорат на поставените прашања.
– Од петмината студенти со кои што разговарав, двајца се невработени, еден работи во Тобако, еден студент е на пракса во „Повардарие“ и еден е вработен во „Агрофуд“.

Душан Миланов
23.11.2012 г.
Канцеларија за кариера и Алумни клуб
Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

[1] Ова се информации што можат да се проверат во моментот. Вистинската бројка е многу поголема.

## VIII. СЛУЖБА ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА ЗА ПРВ ЦИКЛУС

Во почетокот на 2012 година бројот на студенти по факултети, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“, е следен:

| Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | Број на студенти |
|---|---|
| Правен факултет - Кочани | 1.228 |
| Економски факултет - Штип | 2.024 |
| Педагошки факултет - Штип | 1.578 |
| Земјоделски факултет - Штип | 820 |
| Факултет за музичка уметност - Штип | 237 |
| Факултет за информатика - Штип | 1.301 |
| Факултет за природни и технички науки - Штип | 1.556 |
| Филолошки факултет - Штип | 1.022 |
| Факултет за медицински науки - Штип | 2.060 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија | 1.901 |
| Електротехнички факултет - Радовиш | 185 |
| Машински факултет - Виница | 199 |
| Технолошко-технички факултет - Пробиштип | 242 |
| ВКУПНО: | 14.353 |

Заради поефикасно и поодговорно работење, референтите од Студентска служба се определени како одговорни по факултет по следниот распоред:

Еден референт во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определија како одговорни лица за:

– Факултет за образовни науки

Два референти во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“- Штип се определија како одговорни лица за:

– Економски факултет

Три референти во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определуваат како одговорни лица за:

– Факултет за медицински науки

Еден референт во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– Факултет за музичка уметност

Еден референт во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“- Штип се определува како одговорно лице за:

– Факултет за информатика

Два референти во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– Факултет за природни и технички науки

Еден референт во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– Технолошко-технички факултет

Еден референт во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– Машински факултет

Еден референт во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– Електротехнички факултет

Два референти во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– Филолошки факултет

Еден референт во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– Земјоделски факултет

Два референти во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип се определува како одговорно лице за:

– Факултет за туризам и бизнис логистика

Два референти во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип се определува како одговорно лице за:

– Правен факултет

Студентските прашања во Кампус - Струмица се проширени со две референтки за факултетите со дисперзии во Струмица.

Во текот на годината се одржаа три редовни сесии и две дополнителни (продолжена февруарска и продолжена септемвриска).

Уписите за учебната 2012/2013 година се одржаа по следниот редослед:

– Прв уписен рок 15 - 16 - 17.8.2012 г.
– Втор уписен рок - 3 - 4.9.2012 г.
– Трет уписен рок - 14.9.2012 г.

По завршувањето на уписите, бројот на примени студенти во прва година е следниот:

| **Факултет** | **Број на запишани студенти по Конкурс во 2011/2012 година** |
|---|---|
| Економски факултет | 269 |
| Факултет за медицински науки | 534 |
| Педагошки факултет | 66 |
| Правен факултет | 190 |
| Факултет за информатика | 148 |
| Факултет за природни и технички науки | 347 |
| Земјоделски факултет | 200 |
| Факултет за музичка уметност | 56 |
| Филолошки факултет | 188 |
| Факилтет за туризам и бизнис логистика | 853 |
| Електротехнички факултет | 59 |
| Машински факултет | 83 |
| Технолошко-технички факултет | 59 |
| **Вкупно:** | 3.052 |

Број на запишани студенти со завршено средно образование во странство или делумно во странство:

| **Посебни права: Целосно/делумно образование во странство** | |
|---|---|
| **Факултет** | **Запишани студенти** |
| Економски факултет | 1 |
| Електротехнички факултет | 0 |
| Земјоделски факултет | 0 |
| Машински факултет | 0 |
| Правен факултет | 0 |
| Технолошко-технички факултет | 0 |
| Факултет за информатика | 0 |
| Факултет за медицински науки | 4 |
| Факултет за музичка уметност | 0 |
| Факултет за образовни науки | 0 |
| Факултет за природни и технички науки | 0 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 2 |
| Филолошки факултет | 1 |
| **Вкупно:** | **8** |

Број на запишани студенти во национална квота

| **Национална квота** | |
|---|---|
| **Факултет** | **Запишани студенти** |
| Економски факултет | 7 |
| Електротехнички факултет | 0 |
| Земјоделски факултет | 6 |
| Машински факултет | 0 |
| Правен факултет | 15 |
| Технолошко-технички факултет | 0 |
| Факултет за информатика | 7 |
| Факултет за медицински науки | 52 |
| Факултет за музичка уметност | 3 |
| Факултет за образовни науки | 6 |
| Факултет за природни и технички науки | 10 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 86 |
| Филолошки факултет | 22 |
| **Вкупно:** | **214** |

Број на запишани студенти со статус бранител:

| Посебни права: Бранител | |
|---|---|
| **Факултет** | **Запишани студенти** |
| Економски факултет | 0 |
| Електротехнички факултет | 0 |
| Земјоделски факултет | 4 |
| Машински факултет | 0 |
| Правен факултет | 10 |
| Технолошко-технички факултет | 0 |
| Факултет за информатика | 2 |
| Факултет за медицински науки | 0 |
| Факултет за музичка уметност | 0 |
| Факултет за образовни науки | 0 |
| Факултет за природни и технички науки | 13 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 5 |
| Филолошки факултет | 2 |
| **Вкупно:** | **36** |

Оваа учебна година на УГД се запишаа 127 странски студенти од Турција, Бугарија, Србија, како и 3 владини стипендисти од Србија, Албанија и Бугарија.

Бројот на дипломирани студенти за 2012 година е:

ФТБЛ — 82
ФОН — 123
Факултет за медицински науки — 120
Факултет за информатика — 94
Земјоделски факултет — 76
Правен факултет — 78
Машински факултет — 6
ФПТН — 140
Факултет за музичка уметност — 22
Економски факултет — 188
Технолошко-технички — 3
Филолошки факултет — 76
Електротехнички факултет — 14
Вкупно— 1.022

Во текот на годината се одржаа две свечени доделувања на дипломи на студенти од прв циклус студии (март и декември).

Конечен број на студенти кои студираат на УГД - Штип заклучно со 11.2012 година е следниот: 16.641.

Во текот на 2012 година се одржаа три редовни сесии (февруарска, јунска и септемвриска), една продолжена октомвриска и една продолжена мартовска согласно со календарот за студентски активности.

**Служба за студентски прашања**

**Раководител Димитар Љуботенски**

## IX. СЛУЖБА ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА ЗА ВТОР ЦИКЛУС

Врз основа на член 60, став 2 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, раководителот на Одделот за настава за втор и трет циклус студии, проректорот за наука проф.д-р Блажо Боев поднесува

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за 2012 година**

### ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

Одделот за настава за втор и трет циклус студии при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип функционира како оддел за административна поддршка на вториот и третиот циклус студии. Во учебната 2011/2012 година втор циклус студии се реализираше на единаесет единици на Универзитетот.

Основната функција на овој Оддел е давањето на административна поддршка на единиците кои реализираат студиски програми од втор циклус студии и кампусите што реализираат студиски програми од трет циклус – докторски студии.

Во учебната 2011/2012 година се реализирани многубројни активности поврзани со вториот и третиот циклус студии.

Во текот на оваа година во Одделот за втор и трет цилус се процесуирани:

1. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии;
2. Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови;
3. Промоција на магистрирани студенти;
4. Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2012/2013 година;
5. Процесуирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот;
6. Изработка на предлог акти за потребите на Одделот и за потребите на Универзитетот, како и други тековни активности.

Фунцијата на Одделот за втор и трет циклус студии се презентира со аналитичка оценка за сите видови активности поткрепени со статистички прегледи и показатели и секако со заклучни согледувања.

Во функција на подобрување на административната поддршка на Одделот за настава за втор и трет циклус студии се направени измени на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитеот „Гоце Делчев“ во Штип, Правилникот за распределба на средства остварени од втор и трет циклус студии.

За реализирање на активностите на Одделот се ангажирани: проректорот за наука, секретарот за правни работи во Кабинетот на проректорот за наука и Службата за студенти

1. **Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии**

Во составот на Одделот за втор и трет циклус студии функционира Студентската служба за втор и трет циклус студии, во која работните обврски ги извршуваат двајца референти за студентски прашања и раководител.

Службата за студенти ги опслужува сите единици на Универзитетот на кои во моментов се реализира втор циклус студии: Земјоделски факултет, Факултет за информатика, Правен факултет, Економски факултет, Факултет за медицински науки–специјалистички стручни студиските програми, Факултет за образовни науки, Факултет за природни и технички науки, Факултет за музичка уметност и Факултет за туризам и бизнис логистика, Машинскиот факултет, Електротехничкиот факултет, Техничко-технолошкиот факултет и Филолошкиот факултет.

Одделот за настава за втор и трет циклус студии, во календарската 2012 година има процесуирано околу 600 различни барања и молби од студенти на втор циклус студии.

2. **Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови**

Една од функциите на Одделот за втор и трет циклус студии е и процесуирањето на јавните одбрани на специјалистичките/магистерските трудови на студентите на единиците. Одделот во текот на 2012 година процесира постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови на: Факултетот за природни и технички науки - 21, Факултетот за образовни науки - 18, Економскиот факултет - 7, Правниот факултет - 4, Факултетот за информатика - 6, Земјоделскиот факултет - 5 и Факултетот за медицински науки - 10, Факултетот за музичка уметност - 2.

3. **Промоција на магистрираните студенти**

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот, Одделот за настава за втор и трет циклус студии организираше и процесираше постапка за промоција на магистрираните студенти од сите единици на Универзитетот кои изведуваат втор циклус студии.

4. **Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2012/2013 година**

Во текот на оваа година Универзитетот објави и реализираше Конкурс за запишување студенти на втор циклус студии за учебната 2012/2013 година.

На овој Конкурс се пријавени следниов број на студенти по единици на Универзитетот како што следува:

| Р.б. | Единица на Универзитетот | Број на студенти 2012/2013 г. |
|---|---|---|
| 1 | Земјоделски факултет | 16 |
| 2 | Економски факултет | 70 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Правен факултет | 38 |
| 4 | Факултет за медицински науки | 30 |
| 5 | Факултет за природни и технички науки | 29 |
| 6 | Факултет за образовни науки | 20 |
| 7 | Факултет за информатика | 25 |
| 8 | Факултет за туризам и бизнис логистика | 23 |
| 9 | Факултет за музичка уметност | 9 |
| 10 | Филолошки факултет | 23 |
| 11 | Електротехнички факултет | 4 |
| 12 | Машински факултет | 2 |
| 13 | Технолошко-технички факултет | 4 |

5. **Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот**

Во текот на 2012 година во Одделот за втор и трет циклус студии процесирани се постапки за избор на наставници и соработници на сите единици на Универзитетот што се однесува на избор на соработници и наставници, реизбор на соработници и наставници, како и предвремени постапки за избор на наставници.

Во Одделот согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, разгледувани се сите досиеја формирани по распишани Конкурси од аспект на правилна примена на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во делот на спроведување на постапките за избор на наставници и соработници и објавувањето на рефератите од рецензентските комисии во Универзитетскиот билтен.

6. **Изработка на предлог-акти за потребите на Одделот и за потребите на Универзитетот, како и други тековни активности.**

Во календарската 2012 година во Одделот за втор и трет циклус студии беа изработени и процесирани следните предлог-акти:

- ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Измени и дополнувања на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Апликации по Конкурс за запишување на студенти за втор циклус студии за учебната 2012/2013 година;
- Апликации по Конкурс за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии во учебата 2012/2013 година;
- Договори за студирање за студентите на втор циклус студии во 2012/2013 година;

- Договори за студирање за студентите на трет циклус-докторски студии во учебната 2012/2013 година;
- Учество во изработката на Студентскиот информатор за втор циклус студии;
- Правила за избор на визитинг професори.

**ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

Третиот циклус-докторски студии во учебната 2011/2012 година се реализираше во Кампус 2.

Основната функција на Одделот за втор и трет циклус студии е давањето на административна поддршка на единиците односно кампусите кои реализираат студиски програми од трет циклус – докторски студии.

Во учебната 2011/2012 година се реализирани многубројни активности поврзани со третиот циклус студии:

1. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите – докторанди;
2. Молби, пријави и најразлични барање поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус-докторски студии;
3. Постапки за одбрана на докторски труд;
4. Промоција на доктор на науки;
5. Реализирање на Конкурс за запишување студенти на трет циклус-докторски студии за учебната 2012/2013 година;
6. Административна поддршка во работењето на телата и органите за трет циклус-докторски студии;
7. Процесирање на постапките за доделување на стипендии за трет циклус студии од Фондот за стипендирање на вработени докторанди.

**1. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите – докторанди**

Во составот на Одделот за втор и трет циклус студии функционира Студентската служба за втор и трет циклус-докторски студии, во која работните обврски ги извршуваат двајца референти за студентски прашања и раководител.

Одделот за настава за втор и трет циклус студии во календарската 2012 година ги има процесирано сите поднесени барања и молби од студентите докторанди.

Студенти докторанди (со пријава на докторат) има само на Факултетот за природни и технички науки.

**2. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии – докторски студии**

Во Одделот за втор и трет циклус студии функционира Студентската служба за втор и трет циклус-докторски студии која ги опслужува студентите запишани на трет циклус студии.

Службата за студенти го опслужува Кампус 2 на кој во моментов се реализира трет циклус студии на студиските програми: Компјутерска техника и информатика, Рударство, Применета геологија и геофизика, Заштита на растенијата, Животна средина, Наука за земјиштето и хидрологија, Растително производство.

Одделот за настава за втор и трет циклус студии во календарската 2012 година ги има процесирано сите поднесени различни барања и молби од студенти на трет циклус студии.

3. **Постапка за одбрана на докторски труд**

Во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип е и Факултетот за природни и технички науки – факултет што и претходно имаше постапки за одбрани на докторски дисертации. Во извештајната година беше процесирана одбрана на докторската дисертација на докторандот Александар Крстев, магистер на технички науки. Исто така, започната е постапката за одбрана на докторскиот труд на докторандот Ферат Шаља. Овие студенти се докторанди (со пријава на докторат) на Факултетот за природни и технички науки.

4. **Промоција на докторираните студенти**

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот, Одделот за настава за втор и трет циклус студии организираше и процесираше постапка за промоција на д-р Николинка Донева, доктор на технички науки.

5. **Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии во учебната 2012/2013 година**

Одделот за настава за втор и трет циклус студии даде административна поддршка во спроведувањето на Конкурс за запишување студенти на трет циклус студии-докторски студии за учебната 2012/2013 година.

Конкурсот беше спроведен за Кампус 2 во кој спаѓаат: Земјоделски факултет, Факултет за природни и технички науки и Факултет за информатика (кои исполнуваат услови за реализирање на трет циклус-докторски студии). Конкурсот беше распишан за седум студиски програми: Компјутерска техника и информатика, Рударство, Применета геологија и геофизика, Заштита на растенијата, Животна средина, Наука за земјиштетото и хидрологија и Растително производство.

На овој Конкурс се запишани осум студенти и тоа на студиските програми: Растително производство – еден студент, Заштита на растенијата - еден студент, Животна средина - еден студент, Применета геологија и геофизика - еден студент, Рударство - еден студент, Компјутерска техника и информатика - двајца студенти, Наука за земјиштето и хидрологија - еден студент.

6. **Административна поддршка на телата и органите за трет циклус - докторски студии**

Одделот за втор и трет циклус студии во континуитет дава административна поддршка на органите и телата на вториот и на третиот циклус-докторски студии.

Одделот помага при водењето на седниците на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2, Советот на докторски студии на ниво на кампусот и ги изработува административните документи за работењето на овие органи.

Сите донесени одлуки на овие органи, Одделот ги има изготвено и процесирано.

Следствено со зголемувањето на бројот на студентите на докторски студии, како и напредувањето на студентите во повисоките студиски години, се очекува поголема ангажираност на овие органи, согласно со нивната надлежност.

7. **Процесирање на постапките за доделување на стипендии за трет циклус студии од Фондот за стипендирање на вработени докторанди**

Согласно со Правилникот за стипендирање на вработени студенти на трет циклус студии, во извештајната година се одржани две седници на Управниот одбор на Фондот за стипендирање на докторски студии, при што се усвоени сите поднесени апликации.

8. **Помагање и изготвување на правила што се во врска со работењето на вториот и третиот циклус студии**

Во рамките на изработката на правилата, а во рамките на активностите на Центарот за квалитет, Одделот за втор и трет циклус студии им помогна на лицата кои беа ангажирани за изработување на овие правила.

Во функција на подобрување на административната поддршка на Одделот за настава за втор и трет циклус студии се направени измени на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Правилникот за распределба на средства остварени од втор и трет циклус студии и други правилници, кои се во врска со вториот и третиот циклус студии.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

Правејќи споредба на податоците за работењето на Одделот за втор и трет циклус студии во извештајната година и претходните години, може да се заклучи дека е обезбеден висок степен на стручност, ажурност и квалитет во постапувањето при извршувањето на задачите и обврските на вработените во овој Оддел.

Обемот на обврските и работните задачи на вработените во овој Оддел во споредба со минатата година е значително зголемен, но сепак е задржано високо ниво на квалитет и квантитет во извршувањето на работните задачи.

Разгледувајќи ги сите активности кои се преземани во Одделот за втор и трет циклус студии може да се заклучи дека Одделот успешно ги извршувал своите обврски и ги исполнувал своите задачи, квалитетно и навремено.

Во наредниот период треба да се идентификуваат евентуални слабости и недоследности при извршувањето на функциите со континуирано следење на работењето на сите извршители во овој Оддел и решавање на евентуалните поплаки и забелешки од студентите или наставниците ангажирани на вториот циклус студии.

**Оддел за настава за втор и трет циклус студии**

**Раководител, проректор за наука проф. д-р Блажо Боев**

## ОДДЕЛ ЗА ОДРЖУВАЊЕ

**Службата за сопствено обезбедување** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип брои 42 работници за обезбедување. Со измените во законот, Чуварската служба е преименета во Служба за сопствено обезбедување. Исто така, изменет е и амблемот на службата, кој мора да соодветствува по законот. Направен е Правилник за службата во кој е прецизирано како точно мора да биде облечен еден работник во Службата за обезбедување, каков може да биде составот на облеката, каде треба да стои и амблемот. На секој објект е поставен знак, односно на секоја влезна врата во аголот е поставен знак на кој пишува кој го обезбедува објектот.

Во текот на годината, Службата за обезбедување спречи повеќе кражби. Спречена е кражба од Кампус 2, крадецот се обидел да украде електричен кабел, по што е фатен од страна на обезбедувањето и е предаден на полицијата. Спречена е кражба пред Ректоратот, двајца крадци се обиделе да ги украдат новогодишните светилки.

Набавена е нова гардероба за обезбедувањетои и нови батериски ламби. Во текот на година се направени голем број контроли во сите објекти и не се забележани некои поголеми неправилности на работните места. Казнети се парично двајца работници во обезбедувањето, бидејќи се фатени како спијат на работното место: еден во Кампус 4 и еден во новиот Ректорат. Патролната служба која е сместена во Ректоратот се контролира со тоа што се вади месечен извештај од логирањето по објектите, со што може да се види за секој од обезбедувањето колку пати во текот на смената ги има контролирано објектите и колку време се а задржува во објектите. На располагање на службата се и возило „лада нива“ и скутер, со кои многу брзо се интервенира секаде по објектите. Оваа година се воведени и дневници за фактичка состојба на објектите, со што се врши примопредавањето на смените на објектите, односно се потпишуваат и двајцата обезбедувачи доколку фактичката состојба на објектот е таква како што е напишано во дневникот. Во дневникот се запишуваат сите работи кои се случуваат за време на смената. Доколку се случи некаков дефект во објектот од технички карактер се запишува во дневникот и се известува Службата за одржување.

**Службата за хигиена** на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип брои 40 хигиеничари распоредени во сите објекти на Универзитетот. Службата за хигиена оваа година е на одлично ниво, ги заврши сите задачи што беа планирани. Хигиеничарките во Кампус 2 беа наградени парично, бидејќи нивниот објект постојано беше еден од најчистите и покрај големиот број на студенти. Службата за хигиена доби нова униформа. Во текот на годината се организирани поголеми генерални чистења на објектите и во салата на Домот на културата по повод почетокот на академската година и по повод патрониот празник. Поради епидемијата на грип, објектите два пати дневно беа дезинфецирани со специјални средстава за дезинфекција, по што може да се заклучи дека сè заврши добро. Службата за хигена двапати помагаше во чистење на безистенот. Со воведување на две смени

за чистење се подобри хигиената во објектите, односно тие што се втора смена имаат повеќе време за чистење. Ангажирана е една хигиеничарка за чистење на ресторанот, со што хигиената е видно подобрена.

# XI. ИТ ЦЕНТАР

**Вовед**

Како во изминатите години така и во 2012 година ИТ центарот ги вложи сите свои ресурси со цел да продолжи со својата задача на обезбедување квалитетни услуги кон УГД. Максимално се ангажиравме во развојот на системот за студентски индекс во набавката на хардвер за подобрување на перформансите на дата центарот и мрежната инфраструктура.

Во продолжение на овој извештај подетално по точки се опишани активностите на Центарот во текот на оваа година.

**ERP, CRM (изготвено од Ристе Тимовски и Илија Лазаревски)**

Во рамките на оваа точка се елаборирани активностите што Одделот за апликативен софтвер ги реализираше во текот на календарска 2012 година, директно и/или индиректно во корелација со доделените работни задачи. Притоа, главен момент околу кој се базираше (и продолжува да се базира) работата на овој Оддел е развојот и одржувањето на електронскиот индекс на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во четвртиот квартал на календарска 2012 година, Одделот за апликативен софтвер, во перманентна соработка со надворешниот партнер *Логин системи*, ја комплетираше верзија 1.0 на електронски индекс, за која се очекува да биде во полна функционалност заклучно со декември 2012 година.

Во продолжение се прикажани активностите на овој Оддел, детално и поделено по периоди и тип на активности:

Процесирање на одлуки за студенти, процесирани од страна на ННС, КНП и РУ на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во однос на:

- префрлување од друг универзитет;
- префрлување од една на друга единица во рамките на Универзитетот;
- префрлување од една на друга насока и/или студиска програма во рамките на една единица;
- промена на статус на студирање;
- промена на начин на плаќање и/или начин на студирање.

Процесирањето на одлуките се однесува на:

- парен семестар во учебна 2011/2012 година;
- непарен семестар во учебна 2012/2013 година;
- заостанати одлуки, кои се однесуваат на периодот пред парен семестар во учебна 2011/2012 година.

Процесирање на одлуки од дисциплински комисии изречени на студенти од прв циклус на студии.

Комплетно и перманентно сервисирање на сите типови на крајни корисници на:

- CRM платфромата (интерен портал на електронски индекс);
- WEB порталот (екстерен портал на електронски индекс);
- Модул за човечки ресурси;
- Модул за јавни набавки;
- Модул за финансии;
- Систем за електронска евиденција на пристап и работно време

(TAMACS).

Типови на крајни корисници во однос на горенаведените платформи се:

– студенти (од прв циклус на студии);
– наставнички и соработнички кадар, редовно вработен и хонорарно ангажиран;
– администрација на УГД:
– менаџмент на УГД;
– вработени во Оддел за финансии;
– вработени во Оддел за човечки ресурси;
– вработени во Оддел за јавни набавки, и
– вработени во Оддел за студентска служба.

Комплетни активности во делот на комплетирањето на верзијата 1.0 на сите претходно наведени модули, како и сервисирање на истите, брз база на интерните потреби, а во смисла на:

– анализа на потребни нови и/или изменети функционалности;
– дизајн на новите и/или изменетите функционалности;
– тестирање на новите и/или изменетите функционалности на тестна и продукциска околина;
– комплетни активности во насока на успешна системска и практична продукција на новите и/или изменетите функционалности, во смисла на:
    - параметрирање на системот;
    - изготвување на упатства за работа;
    - анимација на крајните корисници;
    - сервисирање на крајните корисници.

Комплетна практична, логистичка и техничка реализација на процесот на уписи на нови студенти врз основа на распишаниот Конкурс за прием на нови студенти во учебната 2012/2013 година:

– изготвување на упатства за користење на модулот за уписи;
– анимација на крајни корисници со реализација на тренинг сесии;
– комплетна анимација на заинтересирани кандидати во текот на уписниот рок, со користење на сите медиуми за комуникација;
– сервисирање на крајни корисници на модул за уписи во текот на целиот уписен рок;
– генерирање на прелиминарни листи, решавање на приговори и генерирање на конечни листи за запишување на нови студенти;
– креирање на електронски ресурси за сите новозапишани студенти, врз база на податоците од модулот за уписи и податоците за запишани студенти од страна на членовите на поширොката уписна комисија на УГД;
– СМС информирање на студентите / бруцошите со користење на софтверскиот модул СМС центар;
– изготвување на спецификација за верзија 2.0 за електронски индекс;
– изготвување на предлог календар за календарска 2013 година.

**FACIT – библиотека**

Одржувањето на софтверот продолжи со константно, но бавно темпо. Направени се корекции на проблеми кои јавуваа со работата на овој софтвер. Нерешени проблеми сѐ уште постојат, но тие се документирани и пријавени до фирмата што врши одржување. Очекувам до крајот на оваа година да се решат. На почетокот од ноември оспособен е веб-порталот за пребарување на книги, кој е поврзан со базата на библиотеката. По тестирање на овој портал се увидени некои потребни и дополнителни функционалности, кои мора да се договорат со фирмата што го развива софтверот за библиотечно работење.

**Смарт картички (Smart cards)**

До моментот на составување на овој извештај, испечатени се околу:

- 3.015 картички за нови студенти од учебната 2012/2013 година од кои со сертификат се активирани околу 1.800;
- 25 студентски легитимации за студентите од учебната 2011/2012 г.;
- 145 легитимации за вработени.
- Преостанува изработка на уште 292 студентски легитимации за студентите од учебната 2012/2013 година, поради недостиг на фотографии и на 126 студентски легитимации за студентите со странско државјанство, исто од учебната 2012/2013 година
- Процедурата продолжува и понатаму. Предвидено е до крајот на ноември да се завршат сите картички за студентите кои имаат уредно досие вклучувајќи фотографија.

Овде треба да се спомне проблемот со тоа што овие картички се печатат на еден печатач и за кој што во моментот нема замена. Доколку се случи дефект ќе има застој во издавањето на картичките. За да се реши овој проблем се составени спецификација и барање за набавка на ист или сличен печатач до претседателот на Комисијата за јавни набавки.

**Кампус договор за Мајкрософт лиценци**

Реализиран е договор и нарачка на Мајкрософт лиценци за потребите на Универзитетот за оваа година. Во пакет на овој договор е вклучена нарачка за план и одржување на ERP платформата, кој чини многу, но според мислење и одлука на тимот за развој на овој софтвер е непотребен и предлог е овој план да не се купува наредната година.

| | |
|---|---|
| **Campus Agreement** | 57.501,02 |
| **Лиценци** | 18.792,00 |
| **Enhancement Plan** | 26.712,00 |
| | |

**Табела 1 – Износ за плаќање во 2012 година**

**Безжичен систем за студенти и вработени**

Овој систем досега функционира без некои големи проблеми. Монтажата оди според потребите за безжично покривање.

Објектот на спортската сала во Штип останува непокриен со безжична мрежа, поради тоа што сè уште не е монтирана активна мрежна опрема (свич). За да се монтира овој свич е потребно да се постави метален орман со којшто ќе се обезбеди сигурност на споменатата опрема.

**Top WLANs**

| Profile Name |
|---|
| UGD WEBAUTH |
| UGD LAPTOPS |
| UGD FREE |
| UGD MAC |
| UGD STUDENTS |

**Табела 2 - Број на монтирани access point – и**

Сè уште безжичната мрежа UGD WEBAUTH е најмногу употребувана од страна на корисниците на Универзитетот.

**Access Point Summary**

| | Total | Up | Down |
|---|---|---|---|
| 802.11a/n Radios | 45 | 45 | 0 |
| 802.11b/g/n Radios | 45 | 45 | 0 |
| All APs | 45 | 45 | 0 |

**Табела 3 – Најмногу користени мрежи**

**Магацин**

Поради тоа што Центарот врши задолжување, монтажа и раздолжување на опрема, се појави поголема потреба за сопствени магацински простории. За таа намена се добиени две простории во Ректоратот, во кои е сместена целата опрема што постои на залиха. Пред добивањето на овој простор целата информатичка опрема се складираше во архивата на Универзитетот, при што се јавуваа повеќе сигурносни проблеми. Со ова се придонесува за докомплетирање на стандардната процедура за магацинско работење на Центарот, која вклучува магационер, дефинирани обрасци за работа, софтвер и контролиран магацин.

**Оптичко поврзување втора фаза**

Втората фаза заврши во март 2012 година. Направена е нова оптичка подземна патека во должина од околу 9 км, којашто почнува од Кампус 2 а завршува на Економскиот факултет и надземна патека што почнува од Факултетот за медицински науки и ги поврзува библиотеката, текстилното училиште, Факултетот за музичка уметност.

Моментално УГД ја користи оваа патека поради повредата на главната оптичка линија во реката Отиња од страна на фирмата изведувач Кибилд која работи за Општина Штип. За истите повреди е направен официјален записник од УГД и од СВР Штип, во кој е вклучена и проценка на штетата.

**Видеоконференции**

Интересот за овие конференции од страна на наставничкиот кадар е мал. Видеопредавања се одржуваат од страна на професорката Лилјана Стевчева од САД, а за предавањата се користи Скајп којшто не е предвиден за ваква употреба. Причината за употребата на Скајп како софтвер е поради техничка причина од страна на професорката која користи Macintosh PC со соодветен оперативен систем, на кој не може да се користи клиент за Polycom видеоконференција. Предавањата се одржуваат во просториите на Факултетот за медицински науки (текстилното училиште) во понеделник и петок.

Значаен настан поврзан со ова е пренесувањето на операцијата на око од Клиничкиот центар во Штип. Операцијата ја изведе реномиран доктор од Белград и се пренесуваше со опрема од УГД. Беше обезбедена и комплетна техничка поддршка од ИТ центарот. На видеопреносот присуствуваше и министерот за здравство, кој даде добри оцени за настанот.

**Набавка на ИТ опрема и одржување**

Набавките што беа распишани кон крајот на 2011 година за нова ИТ опрема, завршија и се реализираа на почетокот на оваа 2012 година.

За потребите на УГД се реализираа следниве набавки:

1. ИТ опрема

- Дел 1 HBA адаптери
- Дел 2 температурни сензори
- Дел 3 кабли
- Дел 4 активна мрежна опрема
- Дел 5 сервери
- Дел 6 компјутерски делови

2. Надградба на сториџи EMC Clarion AX-4 (набавени се 7 диска)

Набавените дискови се искористија за дополнување на капацитетот и сигурноста на сториџ системите по градовите и еден во Штип – Кампус 2 (кој се користи за чување на база од системот за електронска пошта).

3. Надградба на бекап (набавен е уред за заштита на податоци)

Уредот е веднаш инсталиран и е пуштен во употреба на Кампус 2 и досегашното искуство со него е доста позитивно, бидејќи уредот врши еден вид компресија на податоците со алгоритам за дедупликација. На него

се чуваат архиви на податоци на вработените и сите видови на бази на податоци. Уредот симулира tape library, со што го заменува постоечкиот уред IBM TS3100 којшто поради старост често појавува дефекти. Уредот TS3100 моментално се користи како резервна опција.

По потреба (наменски) се направија неколку мали набавки и тоа:

- мала набавка за одржување на Xerox Docushare и Suscriptor лиценци;
- мала набавка за санација на оптика во корито на реката Отиња;
- мала набавка на преносни компјутери Tempus iKnow;
- мала набавка проект за оптика до Кампус 4.
- До крајот на оваа година се предвидени уште две јавни набавки и тоа:
- ИТ опрема;
- таблет компјутери и мобилни телефони.

**Организација на ИТ центарот**

Од отворањето на Универзитетот, па до денес, се појави потреба за оддел кој ќе одговара на проблемите и прашањата на вработените и студентите, како и на надворешни заинтересирани лица. Решението е да се формира „call“ центар и „help desk“ со имплементација на потребен тикетинг софтвер. Во текот на 2012 год. се направија некои истражувања и подготовки за ваков оддел и се донесе одлука дел од ИТ центарот да се издвои во корист на ова решение, бидејќи досега дел од вработените ги вршеа овие работи со помош на комуникација по електронски пат.

Новата организација на Центарот е претставена на слика 1.




**Слика 1 – Организација на ИТ центар**

**Обуки**

Извршени се обуки за користење на ИТ опрема на нови вработени во Центарот за електронско учење.

**Правила**

За зголемување на безбедноста при работата на вработените се предложени и усвоени сигурносни правила за користење и промена на лозинки на 68. редовна седница на Сенатот. Одредена е и процедура за промена и ресетирање на лозинки на студенти. Овие правила се поставени како помош на страната за логирање на студентскиот индекс.




**Слика 2**




**Слика 3**

На 71. редовна седница на Универзитетскиот сенат се усвоени правила за користење на електронската пошта. Со ова Центарот оди во насока на стандардизирање на процедурите за работа и дефинирање на јасни правила.

**Dokushare, Suscriptor**

Како претходната, така и оваа година, реализирана е мала набавка со која ќе се обезбеди надградба и одржување на DMS Xerox Docushare и нова верзија и лиценци за софтвер за архивско работење Suscriptor.

Билјана Димитрова, вработена во Центарот, е назначена како лице за администрирање на овој софтвер. Задолжена е да ги решава нејаснотиите при работата со новата верзија на Suscriptor, да ги документира и пријавува грешките кои се појавуваат во работата на софтверот во фирмата која го развива.

**Посета на семинари и конференции**

Како и секоја година, вработени во ИТ центарот учествуваа на конференции организирани од разни вендори на ИТ опрема и услуги. Ќе наведеме некои од нив:

- Cisco Expo 2012;
- Мајкрософт Визија 10;
- EMC Forum 2012.

Исто така, учествувавме и на семинари организирани од Темпус проекот iKnow.

**Проекти**

Предлог-проект за миграција на виртуелната серверска околина, кој е усвоен на 71. седница на Универзитетскиот сенат и кој беше предвиден минатата година, започна во ноември. Предвидената временска рамка за проектот е шест месеци, при што ќе се изврши миграција од VMWare на Hyper-V. Подетални информации ќе се содржат во документацијата на проектот.

Останати проекти во кои е вклучен Центарот е проектот за интернет видливост на УГД, кој е усвоен на истата редовна седница на Сенатот.

**Останати активности**

Овде ќе ја спомeнеме поддршката што ја даваше Центарот при преселба на факултети и оспособување на нови училници опремени со компјутери и дополнителна мрежна инсталација.

**Идни планирања**

За наредната година, позначајно, во план е обновување и зајакнување на дел од хардверската инфраструктура на дата центарот со набавка на нов сториџ систем, два нови свичинг уреди кои директно ќе ја поддржуваат вуртуелната серверска структура и сервер со кој ќе се зголемат ресурсите за виртуелизација. Можни се зачетоци и на виртуелизација на десктоп компјутери, со што ќе подобри менаџментот на целиот систем, поголема независност поврзана со уредите, сигурност и полесна миграција на оперативните системи.

**раководител на ИТ центар**

**Гоце Богатинов**

## XII. УНИВЕРЗИТЕТСКАТА БИБЛИОТЕКА

Универзитетската библиотека претставува место каде што се врши прием на библиотечниот материјал, се прави стручна обработка (комплетна рачна и компјутерска) и така обработениот библиотечен материјал се дистрибуира до библиотеките на единиците на Универзитетот. Воедно, таа е и координатор на работата и активноста на библиотеките на единиците при УГД.

Во текот на 2012 година во Универзитетската библиотека при УГД се реализирани низа активности.

Универзитетската библиотека вршеше зголемување на фондот на книги, преку набавка на нови наслови и публикации од земјава и во странство.

Еден од факторите за успешно одвивање на библиотечната дејност за одреден период е библиотеката да води библиотечна статистика според позитивните законски прописи. Нашата библиотека ја води таа евиденција и статистика, која се состои од: евидентирање на библиотечниот фонд и услуги, евидентирање на уписот на корисниците, изготвување листи за дневно и месечно следење на користењето на библиотечните услуги и сл. На крајот, врз основа на сето ова, се изготвуваат статистички извештаи.

Исто како и досега, новодобиените книги најнапред се евидентираа, т.е. архивираа во Деловодна книга, а за книгите кои беа набавени со фактура се изготвуваа сметководствени пресметки поединечно за секоја книга. Понатаму се изврши техничка и стручна обработка (каталогизација на библиотечниот материјал) според најнови меѓународни стандарди за библиотечно работење (UNIMARK). Обработката се состоеше од техничка, рачна обработка – најпрво беше извршено потпечатување и инвентарирање на секоја публикација, а потоа следуваше евидентирање на секоја публикација во инвентарна книга за секоја единица (факултет) поединечно. Потоа се изврши каталогизирање на публикацијата по универзална децимална класификација (УДК) односно по научни области. Компјутерската обработка се вршеше во библиотечниот оперативниот програм Facit. Обработката на книги во компјутерската програма одеше со доста тешкотии, бидејќи одделни сегменти од програмата повремено не функционираа или тековно се менуваа со што ни се создаваше дополнителна работа. Сите наши забелешки и сугестии во врска со проблемите поврзани со функционирањето на библиотечната програма Facit континуирано беа доставени во форма на барања до програмерите и сопствениците на истата, но добар дел од овие проблеми сѐ уште постојат.

Преку Facit софтверот за библиотечно работење продолжи водењето комплетна база на податоци за вкупниот библиотечен фонд на библиотеките на ниво на Универзитетот. Преку целосна компјутеризација и мрежно поврзување на Централната библиотека со библиотеките на факултетите, сите студенти, наставнички кадар и останати вработени на Универзитетот ќе имаат пристап до сите информации кои се однесуваат на библиотечниот фонд со кој располага Универзитетската библиотека. Очекуваме ова да биде реализирано во 2013 година.

Во 2012 година во Универзитетската библиотека вкупно се добиени и комплетно технички и стручно обработени 16.016 книги од кои 5.163 уникати и 10.853 дупликати.

Во вкупниот број на обработени книги влегуваат: 13.040 домашни книги (од кои 2.187 уникати и 10.853 дупликати) и 2.976 странски книги уникати. Од вкупно обработените странски книги: 2.390 книги се на турски јазик, 44 книги на германски јазик, 538 на англиски јазик, 3 книги на бугарски и 1 на романски јазик. Исто така, во обработениот библиотечен материјал влегуваат и 324 магистерски трудови од кои 162 уникати и 162 дупликати, 7 CD уникати и 2 DVD уникати.

Вкупниот број на обработени книги се дадени во следната табела:

| | Вкупно | Домашни | Странски |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 16.016 | 13.040 | 2.976 |
| Уникат | 5.163 | 2.187 | 2.976 |
| Дупликат | 10.853 | 10.853 | / |

По извршената обработка на библиотечниот материјал (книги, ЦД и др.), изготвени се задолженија (материјално и финансиски) за секоја библиотека на факултетите (14 единици) кои заедно со обработените книги се доставени до нив. Во тие новодобиени книги влегуваат книги кои се: подарокот од Владата на Република Македонија од „Превод на 500 книги од најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија", потоа книги набавени по фактури, книги донирани од International book project, од Британскиот совет и од Државната турска агенција ТИКА (Турска администрација за меѓународна соработка), од Министерството за култура, од ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори", како и магистерските трудови на студенти од втор циклус студии.

Вкупно обработениот библиотечен материјал компјутерски во библиотечната оперативна програма Facit во 2012 година изнесува 15.558 книги од кои 1.004 наслови и 3.668 уникати.

Вработените од библиотеката учествуваа и во организирање и распределување на комплетно обработените книги по факултети со соодветни задолженија. Притоа, вработените (иако сите, освен еден, се од женски пол) често пати сами качуваа тешки пакети со големи книги од приземјето, па сè до третиот кат.

Се изврши средување и подредување на обработените книги на рафтовите во Централна библиотека, во бибиотеката на Кампус 2 и бибилотеката на Кампус 4. Класифицирање и подредување на книгите по научни области односно по Универзална децимална класификација.

Примарна цел на Универзитетската библиотека е давање библиотечни услуги со моментално расположливиот книжен фонд на студентите од прв и втор циклус студии, на наставничкиот кадар и останатите вработени.

Библиотеката во Кампус 4, како и библиотеката во Кампус 2, покрај библиотечните услуги, даваше и користење на читалните од страна на студентите и професорите за одржување часови и полагање испити.

Врз основа на библиотечната евиденција во Кампус 2, вкупниот број на услужени корисници во 2012 година изнесува 6.514. Од нив бројот на студенти кои користеле библиотечна услуга изнесува 4.407, додека бројот на наставничкиот кадар кои користеле библиотечни услуги е 1.105. Библиотечни услуги користеле и студентите на постдипломски студии - 433, додека останатите вработени се 569. Во Кампус 4 бибилотечна услуга користеле 1.140 корисници. Библиотечни услуги се давани и на останатите факултети од страна на техничките секретарки. Бројот на зачленети и услужени корисници по факултети е даден во посебен преглед како прилог на извештајот. Беше извршена обработка и средување на податоците потребни од инвентарни книги и од програмата за статистичка анализа и изготвување на статистички извештаи за 2011 година. Во текот на годината континуирано се одржуваа работни состаноци во врска со тековните работни активности во библиотеката. На крајот од годината беше направен попис на основните средства по микро и макро локација, како и попис на ситниот инвентар во библиотеката и изготвен записник за извршениот попис. Се изврши собирање, анализа и сложување на библиотечната евиденција по одделните локации (по инвентарни книги за библиотеките по факултети) на целокупниот библиотечен фонд за минатата година, сложување со сметководствената евиденција и изготвување финален записник. Беше направена класификација на добиените и обработени книги од проектот на Владата на РМ и изработен список на обработените книги, по научни области (Универзална децимална класификација).

На Факултетот за медицински науки во библиотеката се изврши попис на библиотечниот материјал и презадолжување од едно лице на друго лице. За таа цел, пред спроведување на пописот на библиотечниот материјал беа сложени сите задолженија на книги со кои е задолжена библиотеката, по наслови на книги, инвентарни броеви, по датуми, материјално и финансиски и по лица, со инвентарните книги и доставени до задолженотото лице на факултетот. Исто така се направи сложување на документите по задолженија на книги за библиотеките на Електотехнички факултет, Факултетот за музичка уметност и Факултетот за информатика. Копираните документи – вкупниот број на задолженија на книги беа доставени на задолжените лица на дадените факултети.

Во библиотеката на Факултетот за образовни науки беше извршен попис на стариот библиотечниот фонд поради просторно селење. Се изврши селектирање на попишаните книги по области, нивно пакување во пакети и изнесување од библиотеката заради транспорт. Беше направен преглед по инвентарни броеви, наслови и износи по инвентарна книга од списоците за книги кои се селектираат од страна на Факултетот за образовни науки.

Во Централна библиотека им се даваа информации на студенти, професори и асистенти во библиотеката во врска со расположливата литература во библиотеката.

Поради имплементација на Стандардот за управување со квалитет ИСО 9001:2008 во Универзитетската библиотека се учествуваше во изготвување на новите правила, правилници, работни упатства и обрасци, за работата на Универзитетската библиотека.

Беа реализирани работни посети на библиотеките на Факултетот за медицински науки, Електротехничкиот и Правниот факултет, каде што беше реализирано запознавање на лицата задолжени за библиотечно работење со работата во врска со зачленување на членовите во библиотеката, како и издавање на книгите.

Вработените од Универзитетската библиотека го посетија Петтиот саем на книгата што се одржува секоја година во НУБ „Гоце Делчев" - Штип. Исто така, присуствуваа на промоции на книги кои се одржуваат во НУБ „Гоце Делчев" - Штип.

По покана на НУ Универзитетска бибилотека „Гоце Делчев" - Штип, во септември 2012 година библиотекарите присуствуваа на конференција на тема „Едуцирана жена е моќна жена". Нови сервиси во библиотеките, резултати и предизвици на проектот „Едуцирана жена е моќна жена". Маркетинг во библиотеките – осврт на промоцијата на услуги за невработените**.**

Во посета на библиотеката на Кампус 4 беше турскиот заменик-амбасадор Кадир Акчешме и претставници од Турскиот културен центар „Јунус Емре", кои донираа 3.000 нови наслови на книги за Филолошкиот факултет. Беше одржана презентација на донираните турски книги во читалната од нивна страна. Библиотеката во Кампус 4 ја посетија, исто така, и француска и германска делегација.

Универзитетската библиотека во 2012 година соработуваше со НУБ „Гоце Делчев" - Штип и НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје.

Во Универзитетската библиотека пристигнаа и сè уште пристигнуваат нови книги, како набавени така и подарок од Владата на Република Македонија, на кои интензивно работиме. Новопристигнати книги во 2012 година се и: турски книги донација од Државна турска агенција ТИКА (турска администрација за меѓународна соработка), како и магистерските трудови на студентите од втор циклус студии.

Како активност на УБ претставува и: информирање и праќање на и-мејл пораки до факултетите за недоставените книги по фактури (постојано потсетување за ненавременото доставување на истите во библиотека), како и континуирано соочување со проблеми во однос на дистрибуирањето на веќе обработените книги до матичните факултети и на доставувањето на необработените книги до нашите простории, како и други тековни активности во согласност со Правилникот на Универзитетската библиотека.

Податоците за новодобиени и обработени книги за 2012 година во библиотеките по факултети се дадени во следниов преглед:

**Новодобиени и обработени книги во Универзитетската библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2012 година по факултети**

| **Ред. број** | **Организациона единица** | **Вкупен број на книги** | **Наслови** |
|---|---|---|---|
| 1. | Ректорат | 484 | 398 |
| 2. | Правен факултет | 1.312 | 181 |
| 3. | Централна библиотека | 1.725 | 808 |
| 4. | Земјоделски факултерт | 696 | 94 |
| 5. | Филолошки факултет | 3.381 | 2.639 |
| 6. | Факултет за природни и технички науки | 1.106 | 87 |
| 7. | Педагошки факултет | 871 | 208 |
| 8. | Факултет за туризам и бизнис логистика | 256 | 89 |
| 9, | Наставен центар - Струмица | 83 | 83 |
| 10. | Факултет за медицински науки | 3.220 | 90 |
| 11. | Машински факултет | 205 | 91 |
| 12. | Институт за историја и археологија | 45 | 38 |
| 13. | Технолошко-технички факултет | 328 | 99 |
| 14. | Електротехнички факултет | 209 | 85 |
| 15. | Факултет за информатика | 254 | 85 |
| 16. | Економски факултет | 1.841 | 88 |
| 17. | Вкупно | 16.016 | 5.163 |

Преглед на бројот на зачленети и услужени корисници во библиотеките на факултетите за 2012 година:

**Вкупно зачленети и услужени корисници во библиотеките по факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2012 година**

<table>
<tr><th></th><th>Организациона единица</th><th>Нови зачленети во 2012</th><th>Вкупно зачленети</th><th>Вкупно услужени во 2012</th></tr>
<tr><td rowspan="5">Кампус 2</td><td>Педагошки факултет</td><td>6</td><td>257</td><td rowspan="5">6.514</td></tr>
<tr><td>Факултет за природни и техни. науки</td><td>66</td><td>479</td></tr>
<tr><td>Земјоделски факултет</td><td>4</td><td>73</td></tr>
<tr><td>Филолошки факултет</td><td>6</td><td>17</td></tr>
<tr><td>Други факултети</td><td></td><td>95</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кампус 4 | Филолошки факултет | 116 | 193 | 1.140 |
| | Правен факултет | 14 | 23 | |
| | Педагошки факултет | 13 | 21 | |
| | Факултет за туризам и бизнис логистика | 19 | 21 | |
| | Факултет за информатика | 22 | 220 | 320 |
| | Економски факултет – Центар за кариера | | 123 | 349 |
| | Техничко-технолошки факултет | | 60 | 90 |
| | Машински факултет | | 75 | 33 |
| | Правен факултет | | 146 | 320 |
| | Електротехнички факултет | | 50 | 113 |
| | Факултет за медицински науки | | 42 | 80 |
| | Факултет за музичка уметност | | 13 | 13 |
| | Факултет за туризам и бизнис логистика | | 57 | 57 |
| | Наставен центар - Струмица | | 3 | 100 |
| | Вкупно | 266 | 1.968 | 9.129 |

**Раководител на Универзитетска библиотека**

**Цвета Димитриева**

## XIII. ЦЕНТАР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

**Наслов на документот:** Извештај за активностите на Центарот за обезбедување на квалитет при УГД за 2012 г. и Предлог-план за работа 2013 г. (активности поврзани со имплементација на Систем за управување со квалитет, т.е. стандардот ISO 9001:2008)
**Изработено од:**доц. д-р Дејан Мираковски
**Датум:** 3.12. 2012 г.
**Место:** Штип

**Вовед**

Согласно со Планот за работа за 2012 г., активностите на Центарот за обезбедување на квалитет на УГД беа фокусирани во правец на неколку групи активности и тоа:

1. Завршување на активности поврзани со имплементација на системот за управување со квалитет ISO 9001:2008;

Подетален опис со хорнологија на активностите поврзани со имплементација на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2008 е даден во продолжение.

**Приказ на активностите**

Заклучно со почетокот на ноември 2012 година, тимот за имплементација ја заврши изработката на целокупната документација за Универзитетот (имплементација на СМК на Кампус 1, од каде што се исклучени Универзитетски спортски центар и Универзитетски културен центар како посебни правни субјекти) согласно со организационата шема на УГД и Правилникот за систематизација на работните места од Универзитетски гласник бр. 23. Сумарно, изработени/доработени се вкупно 2 деловници, 41 правилници, 120 правила и 37 работни упатства и тоа:

– **Систем за менаџмент со квалитет**

**Листа на правила:**

1. Спроведување на превентивни и корективни мерки на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип;
2. Управување со неусогласени производи и услуги на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип;
3. Управување со документи;
4. Интерна проверка;
5. Управување со записи;
6. Интерна комуникација.

**Листа на работни упатства:**

1. Изглед на документи;
2. Интерна комуникација во Одделот за маркетинг и протокол;
3. Интерна комуникација во Центарот за меѓууниверзитетска соработка.

**Универзитетски сенат**
**Листа на деловници**

1. Деловник за работата на Универзитетски сенат на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Листа на правила**

1. Правила за исплата на учесници во работа на Универзитетски сенат и Ректорска управа на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
2. Правила за спроведување на постапка за утврдување на еден или повеќе кандидати за избор на декан на единицата на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Листа на работни упатства**

1. Критериуми за предлагање и избор на ректор и проректори на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

– **Ректорска управа**
**Листа на деловници**

1. Деловник за работата на Ректорска управа на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

– **Кабинет на ректор**
**Листа на правилници**

1. Програма за волонтирање.
2. За движење и престој на странци на Универзитетот и за престој на вработените од Универзитетот во странство.
3. Правилник за доделување на почесни академски титули на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Листа на правила**

1. Правила за изготвување на Годишен извештај за работата на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

– **Оддел за сметководство и финансии**
**Листа на правилници**

1. Правилник за работата и организацијата на Одделот за сметководство и финансии на УГД.

**Листа на правила**

1. Изготвување на годишна сметка на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.
2. Изготвување на финансиски план на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.
3. Постапки при издавање и исплата на патни налози на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

4. Подигање на хартии од вредност (патарини), задолжување и раздолжување со истите.
5. Набавка на основни средства, ситен инвентар и материјали за потребите на УГД.
6. Прием, валидација, складирање и издавање на опрема и материјали.
7. Исплата на надоместок за учество во настава II и III циклус.
8. Користење на парични средства за културни, информатички и спортски активности на УГД.
9. Деловни и помошни книги кои се водат во сметководството.
10. Тек на движење на влезни и излезни фактури на УГД.
11. Дислокација на основни средства.
12. Спроведување попис на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.
13. Подигање на хартии од вредност (вредносни бензински бонови), задолжување и раздолжување со истите.
14. Правила за поврат на погрешно дозначени средства.
15. Правило за постапка за евидентирање на одржаната настава од страна на надворешни соработници на УГД.
16. Евидентирање и исплата на надоместок за одржана настава на прв циклус студии од страна на надворешни соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.
17. Исплата на надоместок врз основа на приход стекнат од научноистраувачка, стручно-уметничка и апликативна дејност на УГД.

**Листа на работни упатства**

1. Попис на акти во Одделот за сметкодовство и финансии.
2. Користење на баркод читач.
3. Водење на аналитичка евиденција.

– **Оддел за јавни набавки**

**Листа на правилници**

1. Правилник за работата на Одделот за јавни набавки.

**Листа на правила**

1. Евалуација на понуди и ЕА.
2. Постапување по доставени жалби.
3. Избор на најповолна понуда.
4. Поништување на постапка и/или дел/делови од предметот на набавката.
5. Постапување на Комисија за јавни набавки и Комисија за реализација од објавување на оглас до јавно отворање на понудите.
6. Склучување на договор.
7. Постапка при службено патување во земјава и во странство на вработени при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Листа на работни упатства**

1. Изработка на тендерска документација.
2. Изглед на договор.
3. Изглед на рамковна спогодба.
4. Јавно отварање на понудите.

– **Кабинет на проректор за наука**
  **Листа на правилници**

1. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на УГД.
2. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус - докторси студии на УГД.
3. Правилник за стипендирање на трет циклус студии на вработените во наставниот процес на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
4. За критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.
5. За формите на стекнување и распределба на приходот од научноистражувачка, стручно-уметничка и апликативна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.
6. Правилник за стекнување и распределба на средствата остварени врз основа на втор циклус универзитетски студии и трет циклус (докторски) студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
7. Правилник за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор на УГД.
8. Правилник за организација и работа на Центар за кариера и Алумни клуб при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
9. Правилник за реализирање на практична настава за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Листа на правила**

1. Издавање на Универзитетски билтен.
2. Правила за јавна одбрана на магистерски/специјалистички труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
3. Правила за постапка при исплата на рецензентска комисија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
4. За усогласена примена на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
5. Правила за администрирање на апликативни истражувања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
6. Правила за постапката за поднесување пријава за здобивање со научен степен доктор на науки, одбрана на докторски труд и висина на надоместок.

7. Правила за работа на Службата за студентски прашања за втор и трет циклус студии при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
8. Правила за формирање и ажурирање на студентско досие за втор и трет циклус студии.

**Листа на работни упатства**

1. Работно упатство за изработка на трудови (семинарски, дипломски, специјалистички, магистерски и докторски) од студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Работно упатство за начинот на промоција на доктор на науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
3. Изглед на студентско досие за втор циклус студии.
4. Изглед на студентско досие за трет циклус студии.

– **Кабинет на проректор за настава**

**Листа на правилници**

1. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на УГД.
2. Правилник за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на УГД, како и преминот од еден на друг универзитет во земјава и во странство.
3. Правилник за издавање на диплома и додаток на диплома, за промоција на дипломите и за условите и постапката за одземање на издадената диплома на УГД.
4. Правилник за ангажирање на афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници во наставата на УГД.
5. Правилник за условите и начинот на ангажирање на визитинг професор на УГД.
6. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студент на студиските програми на УГД.

**Листа на правила**

1. Премин од една единица на друга во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и/или премин од друг универзитет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Правила за премин од една на друга студиска програма во рамките на иста единица при УГД.
3. Постапка при признавање на испити положени на друга високообразовна установа при преминување на студент од друга високообразовна установа на УГД.
4. Правила за пријавување на испит и семинарска работа по електронски пат на УГД.
5. Правила за подобрување на квалитетот и организацијата на наставата на УГД.
6. Издавање на студиски програми на факултетите при Универзитетот.
7. Правила за ангажирање на наставници и соработници на УГД.

8. Првила за условите, критериумите и правилата за запишување на странски студент на студиските програми на УГД.
9. Правило за изготвување на електронски распоред за предавања и вежби за зимски и летен семестар на единиците на УГД.
10. Работа на Одделот за студентски прашања за прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Издавање на информатори за студенти запишани во прв циклус студии на УГД.

**Листа на работни упатства**

1. Изглед на студентско досие за прв циклус на студии.
2. Кодирање на предметите на студиските програми на УГД.

– **Кабинет на проректор за развој, инвестиции и одржување**
**Листа на правила**

1. Проценета вредност на набавка и изработка на спецификација.
2. Постапка при планирање на јавни набавки и донесување, измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на УГД.
3. Оценка и избор на добавувачи на УГД.
4. Мониторинг и одржување на уреди и инсталации на Универзитетот.
5. Проектирање и развој на нови функционалности на постоечки градежни објекти и опрема и /или проектирање и развој на нови градежни објекти и опрема на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.
6. Правила за користење на службено моторно возило на УГД.
7. Правила за одржување на возилата на УГД.

**Листа на работни упатства**

1. Сервисен преглед кај дизел агрегарти.
2. Сервисен преглед кај клима уреди.
3. Сервисен преглед кај котлари и резервоари.
4. Сервисен преглед кај системот за детекција и дојава на движење.
5. Сервисен преглед кај системот за напојување на електрични потрошувачи.
6. Сервисен преглед кај системот за детекција и дојава на пожар.
7. Работно упатство за одржување на возило.

– **Секретаријат**
**Листа на правилници**

1. Правилник за внатрешна организација и на работата и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Правилник за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
3. Правилник за постапување по претставки и предлози на УГД.
4. Стандарди и нормативи за изведување на високообразовна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

5. Правилник за дисциплинска и материјална одговорност на студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
6. Правилник за работата на Одделот за човечки ресурси.
7. Правилник за безбедност при работа.
8. Правилник за заштита од пожари и експлозии.
9. Правилник за начинот на вршење на видеонадзор во просториите на УГД.

**Листа на правила**

1. Издавање на Универзитетски гласник.
2. Правила за дистрибуција на содржините (актите) објавени во „Службен весник на РМ“.
3. Правила за архивско работење на УГД.
4. Прием и испраќање на пошта.
5. Правила за постапување при поднесување на барања, молби и други поднесоци на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
6. Правила за распределба на парични средства за исплатата на учесници во работа на комисии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
7. Правило за постапка при распределба на парични средства на главен уредник, уредник, технички уредник и лектори за учество во поединечно изработување и издавање на универзитетски гласила, списанија и зборници на УГД.
8. Правила за постапка при користење на средства за репрезентација на УГД .
9. Правила за реализација на престанок на работен однос.
10. Правила за формирање и ажурирање на персонално досие.
11. Правила за одјавување на вработениот при прекин на работниот однос.
12. Правила за изработка на анекс на договор за вработување.
13. Правила за евиденција на вработените во Одделот за човечки ресурси.
14. Правила за обука и компетенции на вработените во стручно-аминистративната служба и внатрешно-организационите единици на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
15. Правила за оценка на работата на вработените во стручната и административна служба и внатрешно-организационите единици на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
16. Правила за постапување по барања од вработени и одговор.
17. Правила за планирање, евиденција и известување за завршени работни задачи и активности на вработените во одделите и центрите при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.
18. Правила за мониторинг и евиденција на фактичка состојба во и вон објектите на УГД.
19. Правила за известување и санација на дефект на објекти и возила на УГД.

**Листа на работни упатства**
1. Неделно планирање и неделен извештај на работни задачи и активности за вработените во одделот/центарот.
2. Месечен извештај за извршени работни задачи и активности на оддел/ центар.

– **Центар за односи со јавноста**
**Листа на правилници**
1. Правилник за единствените основи за остварување на издавачка дејност на УГД.
2. Правилник за организација на работата на ЦОЈ.

**Листа на правила**
1. Издавање на Каталог на изданија.
2. Издавање на научни меѓународни списанија на единиците при УГД.
3. Издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
4. Издавање на годишен зборник на трудови на единици при УГД.
5. Правила за проследување на настани.
6. Правила за проследување на содржини во етер.
7. Правила за планирање и издавање на Универзитетски весник.
8. Правила за проектирање и развој на програмска шема на УГД-ФМ.
9. Правила за организација на настани.
10. Правила за евалуација на маркетинг и промотивни активности.
11. Правила за издавање на промотивен и репрезентативен материјал на единици, внатрешно-организациони единици и стручно административната служба на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
12. Правила за изработка на УГД ИНФО.
13. Правила за брендирање на објекти на УГД.
14. Правила за селекција на медиуми за промоција.
15. Правила за организација на редовни маркетинг и промотивни активности и организација на маркетинг и промотивни активности кои не се дел од годишниот маркетинг план.
16. Правила за лекторирање.
17. Правила за заштита (backup) архивирање на веб-страницата на УГД.

Правила за ажурирање на делови од веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, кои се во служба на Универзитетот, а не се под доменот www.ugd.edu.mk ажурирање на порталот http://uslugi.gov.mk

Издавање на Универзитетски гласник.

Техничко уредување на материјали во Одделот за издавачка дејност на УГД.

**Листа на работни упатства**
1. Упатство на авторите за подготовка на ракописи на трудови за меѓународни списанија на единиците на Универзитетот.

2. Упатство за авторите за подготовка на ракописи за објавување во годишниот зборник на трудови на единицата на УГД.

– **Центар за електронско учење**
**Листа на правилници**
1. Правилник за работата на Центар за електронско учење на УГД.

**Листа на правила**
1. Реализација на услуги во Центарот за електронско учење.
2. Инсталација и одржување на системот за електронско учење на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.
3. Реализација на курсеви поврзани со користење на системот за електронско учење и ИТ алатки за вработени на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и надворешни лица.

**Листа на работни упатства**
1. Поддршка на корисниците на системот за електронско учење.

– **Центар за обезбедување на квалитет**
**Листа на правилници**
1. Правилник за работата на ЦОК.
**Листа на правила**
1. Спроведување на самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Реализација на курсеви на Одделот за обука и компетенции во Центар за обезбедување на квалитет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

– **Центар за меѓууниверзитетска соработка**
**Листа на правилници**
1. Правилник за работата на ЦМС.

**Листа на правила**
1. Правила за организација и реализација на високостручна соработка со универзитети од земјава и во странство.
2. Правила за известување за тековни конкурси и организација на презентации на програми за стипендии.
3. Правила за систем за размена на студенти и вработени со високообразовни и научни установи.

– **ИТ центар**
**Листа на правилници**
1. Правилник за работата на Информатичко-технолошкиот центар на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
2. Правилник за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите во УГД.

3. Правилник за начинот на правање на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци во УГД.
4. Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во УГД.
5. Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти во УГД.
6. Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во УГД.

**Листа на правила**

1. Инсталација на хардвер и софтвер по единици и негово одржување и надградба.
2. Сервисирање на ИТ опрема.
3. Инсталација на системски хардвер и софтвер и негово одржување и надградба во систем-салите на Универзитетот.
4. Чување и заштита на податоци.
5. Планирање, инсталација и тестирање на компјутерски мрежи.
6. Управување со компјутерско-информатичка технологија - ИТ сервисирање на вработени и студенти.
7. Проектирање и развој на софтверски апликации.
8. Одржување на софтверско решение.
9. Техничка реализација на уписи за прв циклус на студии.
10. Сервисирање на корисници на ERP платформа.
11. Систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на УГД.

**Листа на работни упатства**

1. Користење на системот за контрола на работното време и електронска контрола на пристап на Универзитетот.
2. Тестирање на компјутерски мрежи.
3. Ресетирање на лозинки на студенти.
4. Изработка на легитимација за вработен и студент и деблокирање на легитимација на вработен.
5. Тестирање на софтверско решение и пуштање во продукција.

– **Универзитетска библиотека**
**Листа на правилници**

1. Правилник за работата на Универзитетската библиотека на УГД.

**Листа на правила**

1. Правила за обработка, средување, ревизија и расходување на библиотечниот материјал во Универзитетската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

2. Правила за надомест на штета од страна на корисниците на библиотечниот фонд во Универзитетската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
3. Постапка при набавка на учебници, книги и друга стручна литература од земјава и од странство за Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Листа на работни упатства**

1. Вршење на попис на библиотечниот материјал во Универзитетска библиотека.
2. Однесување на корисниците на Универзитетската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
3. За проценка на направена штета на библиотечниот материјал во Универзитетска библиотека.

Во процесот на имплементација на стандардот беа настанати неколку измени во однос на организациската структура на одделите и центрите кои повлекоа измени и во веќе утврдените документи, па поради тоа беше извршена ревизија на сите документи поврзани со работата на овие оддели и центри.

Имплементацијата на СМК не ги опфаќа Центарот за доживотно учење, Геомагнетната опсерваторија, Институтот за историја и археологија и Институтот за исхрана, гастрономија и диететика, поради тековно неактивниот статус на истите.

Изготвена е Политика за квалитет од страна на раководството, која е потребно да се истакне на видно место во сите објекти што се предмет на сертификација во оваа фаза, а предвидени согласно со *Предлог-прирачник за квалитет*.

*Предлог-прирачникот за квалитет*, кој ќе подлежи на модификација и во наредната фаза од имплементација на стандардот, согласно со динамиката на дефинирање на правилници, правила, работни упатства на внатрешно-организационите единици и стручната и административна служба на Универзитетот (оддели и центри), е веќе дефиниран и предаден за преглед од стана на раководството.

Согласно со истиот е потребно дефинирање на параметри за правилото по точка осум *Мерење, анализи и подобрување* од стандардот ISO 9001:2008 (утврдување на почетни параметри по кои ќе се мери Универзитетот и пропишување на правило за спроведување на мерењето).

Центарот за обезбедување на квалитет учествуваше и го координираше процесот на самоевалуација на Универзитетот за периодот од 2010 до 2011 година.

**Предлог-план на активности поврзани со имплементација на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2008 во 2013 година**

Заради подобра прегледност, активностите се синтетизирани табеларно во продолжение. За секоја активност е дефинирана временската рамка и периодот на реализација.

| Опис на активност | Временска рамка |
|---|---|
| **Активности за имплементација на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2008** | |
| - Кратка обука за носителите на процесите, со цел нивно информирање за системот за квалитет и начинот на неговото функционирање;<br>- Преглед на целокупната документација од страна на носителите на процесите и нивно прочистување како и дефинирање на конечна верзија од истите;<br>- Преглед на обрасците и нивно прочистување од страна на носителите на процесите;<br>- Дефинирање на параметри за правилото по точка осум *Мерење, анализи и подобрување* од стандардот ISO 9001:2008 (утврдување на почетни параметри по кои ќе се мериме и пропишување на правило за спроведување на мерењето). | **ноември - декември (21 декември) 2012 г.** |
| **Активности за организација и спроведување на интерна проверка** | |
| - Поддршка на советникот за менаџмент за квалитет во реализацијата на интерна проверка од страна на тимот за имплементација. Нумерирање на документираните деловници, правилници, правила, работни упатства и обрасци. Потребно е да се изврши верификација на сите деловници, правилници, правила, работни упатства и обрасци од страна на Универзитетски сенат, а на сето ова да му претходи соодветно техничко уредување и лекторирање. Потребно е да се избере соодветна серфитикациона куќа за спроведување на интерна/екстерна проверка. | **21 декември 2012 – 31 јануари 2013 г.** |
| - Подготовка за спроведување на интерна проверка | **1 - 8 февруари 2013 г.** |
| - Интерна проверка | **8 – 15 февруари 2013 г.** |
| - Екстерна проверка | **јуни 2013 г.** |
| **Активности со Оддел за софтвер** | |
| - Поддршка во процесот на анкетирање со помош на е-индекс, финализирање на анкетирањето и активностите за прибирање на податоците. | **ноември 2012 – јуни 2013 г.** |

| | |
|---|---|
| **Реализација на обуки за ISO 9001:2008 од страна на УГД** | |
| - Планирање и реализирање на обуки за ISO 9001:2008 од страна на УГД на надворешн корисници со внатрешни сертифицирани интерни аудитори. | **јуни – ноември 2013 г.** |

**Раководител на Центар за обезбедување на квалитет,**

**доц. д-р Дејан Мираковски**

## XIV. СУДСКИ ПРЕДМЕТИ

1. Тужител УГД, тужен ВИНЕКС ДООЕЛ Штип, врска УПДР 539/12 кај нотар Мијалчо Цоневски од Штип за долг 358.050,00 денари сè е платено.
2. Тужител УГД, тужен АГРОЦЕНТАР ДООЕЛ Битола, врска УПДР 150/12 кај нотар Петар Сиљанов од Битола за долг 39.209,00 денари сè е платено.
3. Тужител УГД, тужен АИК ЕУРОЛЕНД Скопје, врска УПДР 327/12 кај нотар Весна Дончева од Скопје, има приговор, чекаме покана за суд.
4. Тужител УГД, тужен ДОО ПОЛЕДЕЛСТВО Штип, врска УПДР 660/12 кај нотар Ленче Каранфиловска од Штип за долг 203.718,50 денари сè е платено.
5. Тужител УНИ-СЕРВИС АГРО, тужен 33 БОРЕЦ ЛЕШОК Тетово, врска УПДР 1164/12 кај нотар Тодор Бошковски, за долг 297.505,00 денари сè е платено.
6. Тужител УГД, тужен АГРОСЕМЕ ДОО Битола, врска УПДР 152/12 кај нотар Петар Сиљанов, за долг 631.818,50 денари сè е платено.
7. Тужител УНИ-СЕРВИС АГРО тужен АКВА ДРИЛ ЕКО Штип, врска УПДР 1296/12 кај нотар Лидија Рибарева од Штип за долг 466.200,00 денари, склучена е вонсудска спогодба со компензација со тужениот, има рок ако не постапи по спогодбата се активира Извршното решение.
8. Тужител УГД, тужен Овчарска кооператива ИЗГРЕВ за долг 60.180,00 ден. предметот е кај извршител Горан Манојлов од Кочани. И.бр.3666/12,сметката им е блокирана, симнати им се 2.000,00 ден од сметка, први сме на ред за наплата на побарувањето.
9. Тужител УГД, тужен БАЛТО КОМЕРЦ ДООЕЛ Битола за долг 106.864,00 ден, предметот е кај извршител Милица Николовска од Битола, врз основа на извршна исправа УПДР 151/12, сметката им е блокирана, ние сме први на ред, наскоро фабриката ќе започне со работа.
10. Тужител Љупчо Донев, тужен УГД, тужени сме за износ од 121.774,00 ден. и има правосилна пресуда, дадени сме на извршител и тужени сме од истото лице втор пат за износ од 52.017,00 ден., предметот е во судска постапка.
11. Тужител УНИ-СЕРВИС АГРО, тужен ЕУРО ЛЕНД АД Скопје за долг во износ од 1.112.460,00 денари. Има приговор на Решението на нотарката Весна Дончева УПДР бр.542/12 на рочиште предметот е во судска постапка.
12. Тужител УГД, тужен Општина ГРАДСКО за долг во износ од 7.080,00 ден., врска УПДР бр.461/12. Решението е правосилно, ако не се платиле доброволно одат на извршител.
13. Тужител УГД, тужен Агенција за храна и ветеринарство врска УПДР 1571/12. Решението е правосилно за долг 36.000,00 денари, треба да

се платат фактури на нотарката Весна Дончева од Скопје, да земеме правосилност и извршност и ако не се платиле доброволно да ги дадеме на извршител.

14. Тужител УГД, тужен СТРИСОВЦИ за долг 236.517,00 денари треба да се платат фактури на нотарката Лидија Илиевска од Пробиштип за да ни го испрати Решението.
15. Тужител УГД, тужен СЕМЕ ПАЛАНКА ДООЕЛ Крива Паланка за долг 10.620,00 ден. Решението е правосилно, само треба да се плати фактура на нотарката Весна Митровска, која ќе ни ја испрати заедно со Правосилното решението.
16. ужител УГД, тужен АК ЏУМАЈЛИЈА АД Лозово имаме пријавено побарување во стечај во износ од 908.291,50 ден.
17. Тужител УНИ-СЕРВИС АГРО, тужен АК ЏУМАЈЛИЈА АД Лозово. Имаме пријавено побарување во стечај во износ од 354.470,50 денари.

## XV. ОДДЕЛ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

„Да станеш лидер на работното место е големо постигнување, затоа што за да го направиш тоа е потребна дисциплина, посветеност, ентузијазам и добро однесување. Позицијата лидер не е за секого. Некои луѓе се плашат од неа, некои ја злоупотребуваат, а некои пак цел живот се трудат да ја достигнат. Има и луѓе коишто се родени да бидат лидери“

***Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип му се заблагодарува на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип проф.д-р Саша Митрев за водењето, инспирирањето и посветеноста за продуктивна работа во уште една година која изминува.***

***Одделот за јавни набавки им се заблагодарува за успешната соработка на проректорот за наука проф. д-р Блажо Боев и проректорот за развој, инвестиции и одржување доц. д-р Кирил Барбареев.***

### I.Вовед

Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип завршува уште една успешна година исполнета со активности од најразличен вид и побогат со искуства од петтата година од примената на Законот за јавните набавки и подзаконските акти веќе подготвува планови и за идната година.

Водејќи се од латинската поговорка ***Res, non verba (дела, не зборови)*** го поднесуваме Годишниот извештај за работата на Одделот за јавни набавки за 2012 година.

Најпрвин ќе се осврнеме на Годишниот план за јавни набавки, заедно со измените и дополнувањата на овој план во текот на 2012 година. Потоа, низ краток преглед, ќе ја осознаеме застапеноста на видовите постапки и предметите на набавките на спроведените постапки на Универзитетот.

### II. Измени и дополнувања на Годишен план за јавни набавки

Годишниот план за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2011 година е усвоен со Одлуката за усвојување на План за јавни набавки за 2012 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, бр.0701-104/2 од 30.1.2012 год.

Во текот на 2012 година се извршени измени и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2012 година со следниве одлуки:

1. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2012 година, бр.0701-238/2 од 24.2.2012 год.
2. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2012 година, бр.0701-326/18 од 15.3.2012 год.
3. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2012 година, бр.0701-508/17 од 14.5.2012 год.
4. Одлука за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2012 година, бр.0701-664/21 од 2.7.2012 год.

5. Одлука за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2012 година, бр.0701-994/43 од 29.10.2012 год.
6. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2012 година, бр.0701-1153/44 од 3.12.2012 год.

**III. Краток преглед на спроведени постапки**

Одделот за јавни набавки во текот на 2012 година спроведе **25** постапки со **отворена постапка** – од вкупно 25 постапки - сите електронски со е-аукција.

Во рамките на отворена постапка се водени:

- постапка за набавка и резервација на авиобилети, спроведени се вкупно 14 минитендери,
- постапка за набавка на хотелски услуги, спроведени се вкупно 41 минитендери и
- постапка за набавка на услуги за копнен транспорт, спроведени се вкупно 6 минитендери.

**Извештај за отворени постапки е даден во ПРИЛОГ 1.**

**Постапки со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас** се спроведени вкупно **4** од кои сите се електронски, а 1 постапка е во тек.

**Извештај за постапки со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас е даден во ПРИЛОГ 2.**

**Постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас (мали набавки)** се реализирани **27** – и се во хартиена форма и електронска форма со спроведени е-аукции.

Согласно со Одлука бр.0701-326/20 од 6.4.2012 год. реализација на набавки предвидени со проектот „Интегрирана селекција, заштита и промоција на балкански генетски шумски ресурси со естетска вредност – ISOPREN FORGEN“ или оригналното име „Integrated Selection, Protection and Promotion of Balkan Forest Genetic Resources with Aesthetic Value – ISOPREN FORGEN” спроведени се 7 постапки согласно со барањата на донаторот.

Согласно со Одлука бр.0701-897/18 од 27.9.2012 година за реализација на набавка на опрема за симултан превод за конференциската сала на Кампус 2 предвидени со проектот со наслов „Користење на локалните ресурси за микрорегионален развој - оддржлив агробизнис и туризам во јужниот дел на Балканот“, односно оригинално име на проект: „Using local resources for microregional development - sustainable agribusiness and tourism in the southern Balkans“, наведената набавка е успешно спроведена.

**Извештај за мали набавки и набавки по проект е даден во ПРИЛОГ 3.**

**Постапки со преговарање без објавување на оглас** се **вкупно 18 од кои 3** се во тек на реализација и сите се работени во хартиена форма (согласно со Законот).

Од овие постапки седум се за градежни работи – дополнителни работи, три се итни постапки, четири се по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди по која не е доставена ниту една понуда и еден по проект по правила на донаторот.

За дополнителни работи - градежни работи во тек се три постапки.

**Извештај за постапки со преговарање без објавување на оглас даден во ПРИЛОГ 4.**

**Согласно со наведеното за видовите постапки, произлегува дека од вкупно 81 спроведена постапка најголем дел се спроведени со мали набавки – вкупно 34 (27 мали и 7 по проект), па потоа со отворена постапка – вкупно 25, потоа следуваат постапки со преговарање без објавување на оглас – вкупно 18 и постапки со барање за прибирање на понуди - вкупно 4.**

## IV. Активности во Одделот за јавни набавки

### IV. 1. Изработка на документација за сертификација

Раководителот на Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во рамките на својата надлежност во текот на 2012 година ја изработи и провери целата документација за сертификација на Универзитетот во делот на функционирање и надлежности за јавните набавки.

### IV.2. Ажурирање

Сите класери се означени по години, број на огласи и рок на траење. По извршена самоевалуација за 2012 година, класерите ќе бидат сместени во метални ормани кои ќе се заклучат и клучот ќе биде предаден во сефот.

### IV. 3. Документација која е изработена и се имплементира при користење на ЕРП софтвер

Како член на тимот за развивање и имплементирање на ЕРП софтвер, раководителот на Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во соработка со членови на ИТ секторот изработи документација за имплементација и усогласување на овој софтвер во областа на јавните набавки.

### IV. 4. Семинари и стручни усовршувања

– ***Non progredi est regredi* – *Да не напредуваш значи да одиш наназад***

**IV.4.1. Семинари**

Во текот на 2012 година согласно со проектот „Семинари за јавните набавки“ се одржаа семинари на следните теми:

| Датум на одржување на семинарот | Тема на семинарот | Предавачи |
|---|---|---|
| 28.3.2012 | „Практични прашања за постапки за јавните набавки“ | Виолета Шаклева, раководител на Оддел за јавни набавки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, сертифициран обучувач за јавни набавки |
| 30.3.2012 | „Практични прашања - јавните набавки“ | Виолета Шаклева, раководител на Оддел за јавни набавки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, сертифициран обучувач за јавни набавки |
| 22.5.2012 | „Правна заштита во јавните набавки“ | М-р Маја Малахова, претседател на Државната комисија за жалби по јавни набавки |
| 24.9.2012 | „Практични прашања - примена на законот за јавни набавки“ | Проф. д-р Јанка Димитрова, Економски факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ Штип, овластен ревизор |
| 1.11.2012 | „ Јавните набавки и ИСО стандарди“ | - М-р Емилија Ристова (сертифициран специјалист за имплементација на ИСО 9001:2008, сертифициран интерен аудитор за ИСО 9001:2008)<br>- М-р Горги Душков (сертифициран интерен аудитор за ИСО 9001:2008, сертифициран интерен аудитор за ТС/ИСО 16949 2009) |
| 28.11.2012 | „Практични прашања во јавните набавки“ | Павлина Спасова, шеф на Оддел за сметководство на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип |

На семинарите учествуваа најмалку 180 претставници на договорни органи и економски оператори од цела Македонија. Изразено е задоволство за организацијата и квалитетот на предавањата, како и потребата од уште поинтензивно организирање на ваков вид семинари.

### IV.4.2. Обуки на вработените и други видови на стручно усовршување

Согласно со измените и барањата во Законот за јавни набавки, референтите за јавни набавки Ивана Авукатова и Катерина Бошкова во периодот од 14 до 18 мај ја посетија обуката која ја организира Бирото за јавни набавки за сертифицирање на службениците за јавни набавки и по успешно положениот испит се здобија со сертификати за службеници за јавни набавки.

Согласно со најновите измени на ЗЈН и барањата за ресертификација на обучувачите, раководителот на Одделот Виолета Шаклева во периодот од 20 до 22 декември 2012 година ја посети организираната обука од Бирото за јавни набавки на Правниот факултет во Скопје за ресертификација на обучувачи за јавни набавки.

Раководителот на Одделот за јавни набавки врши континуирани обуки на вработените во Одделот и тоа:

- Почитување на позитивните законски прописи, Кодексот на Универзитетот и Етичкиот кодекс за службениците задолжени за постапките за доделување на договори за јавни набавки;
- На секретарите за јавни набавки – за правилна примена на правните прописи од оваа област;
- На референтите за јавни набавки – за правилно формирање, водење и чување на досието за секоја јавна набавка.

### IV. 5. Соработка со економските оператори

Одделот за јавни набавки успешно соработува со економските оператори.

Пред сè, Одделот им стои на располагање на економските оператори по однос на одговарање на нивни прашања, упатување за начинот на изготвување на документацијата што треба да ја достават.

Оваа соработка се одвива во согласност со принципите на Законот за јавни набавки, Кодексот на однесување на вработените на Универзитетот и Етичкиот кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавни набавки.

### IV. 6. Одржување на веб-просторот за јавни набавки

Раководителот на Одделот за јавни набавки редовно се грижи за одржување и ажурирање на веб-просторот за јавни набавки на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Во делот *Законска регулатива* – редовно се врши ажурирање по однос на измени и/или дополнувања на одредени прописи.

Во делот *Контакти и линкови* по потреба се ажурираат податоците.

Брошурата „ЈАВНИ НАБАВКИ" за начинот на користење на овој веб-простор редовно се доставува до понудувачите и другите економски оператори.

**V. Предлози за подобрување на работата на Одделот за јавни набавки**

1. Стимулирање на вработените во Одделот за јавни набавки во согласност со член 16, став 2 од Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот (Универзитетски гласник бр.11/09) и тоа:

– За ефикасно и редовно извршување на работните обврски на вработените во Одделот за јавни набавки, ректорот да предложи покачување на бруто-платите во износ од 5% до 10% на секретарот и референтите за јавни набавки и
– За ефикасно и редовно извршување на работните задачи, за доброто управување со Одделот, покажаната самоиницијативност, посветеност и максимално залагање, ректорот да предложи покачување на бруто платата на Раководителот на Одделот за јавни набавки во износ од 10% до 15%.

**Раководител на Оддел за јавни набавки**

**Виолета Шаклева**

## XVI. ПРИДРУЖНИ ЧЛЕНКИ

Придружни членки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се:

1. ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип II“ – Скопје;
2. „Агроунија“ ДООЕЛ – Скопје;
3. Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип;
4. „Аутомакедонија“ АД – Скопје;
5. Месна индустрија и кланица ДОО – Свети Николе;
6. Национална установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип;
7. Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје.

**Нивното придружно членство е усвоено со одлуки од Универзитетскиот сенат и тоа:**

8. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-1198/4 од 17.9.2009 година, Универзитетскиот сенат на 24. редовна седница одлучи ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип II“ – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
9. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-1198/5 од 17.9.2009 година, Универзитетскиот сенат на 24. редовна седница одлучи „Агроунија“ ДООЕЛ – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
10. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-110/3 од 29.1.2010 година, Универзитетскиот сенат на 28. редовна седница одлучи Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
11. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-621/2 од 13.5.2010 година, Универзитетскиот сенат на 34. редовна седница одлучи „Аутомакедонија“ АД – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
12. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-381/16 од 11.4.2011 година, Универзитетскиот сенат на 48. редовна седница одлучи Месна индустрија и кланица ДОО – Свети Николе да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
13. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-902/3 од 12.9.2011 година, Универзитетскиот сенат на 54. редовна седница одлучи Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
14. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-437/6 од 23.4.2012 година, Универзитетскиот сенат на 65. редовна седница одлучи Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

## XVII.1 ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ 2012 - 2013 ГОДИНА

**Декан**
**Проф. д-р Никола Смилков**

Штип, 2012 г.

**Стратегија за развој**

Основна стратегија за оваа година е да се имплементират акредитираните нови студиски програми и да обезбедам просторни и технички услови.

Во текот на 2012/2013 г. ќе продолжам со остварување на континуирано образование на стручни, квалитетни кадри и подобрувањето на капацитетот во воспитно-образовниот процес.

Ќе се посвети внимание на обезбедување на осовременување на условите за реализирање на наставните содржини, а тоа ќе го постигнам преку реализирање на неколку проекти и продолжување на веќе започнатите проекти.

Акцент ќе ставам на развојот научноистражувачката работа на домашен и меѓународен план, како основен двигател на нашата институција. Нашата научноистражувачка мисија планирам да ја остваруваме со учество во бројни меѓународни и домашни научноистражувачки проекти, како и со соработка со релевантни институции во земјава и во странство (Бирото за развој на образованието МОН; ОБСЕ; УНИЦЕФ; детските установи, основните училишта со сите педагошки факултети на Балканот).

**Поважни цели на стратешкиот развој**

1. Имплементирање на сите студиски групи според новите законски промени во Законот за високото образование.
2. Имплементирање на новоакредитираните студиски програми за втор циклус и комплетно транспарентно подобрување на нивниот концепт.
3. Обезбедување на услови за започнување на докторски студии во рамките на општествените науки во согласност со Законот за високото образование и започнување на третиот циклус од 2012 година.
4. Формирање на центар за постојана и перманентна едукација на наставничкиот кадар од детските установи и основните училишта.
5. Продолжување на издавањето на списанието со меѓународна комисија и продолжување на издавањето на постоечките списанија (Воспитение и Зборник).

6. Организирање на еден меѓународен симпозиум и две трибини во текот на годината.
7. Поставување развоен пат на нашиот факултет во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“, во согласност со потребите на Европската унија и европските образовни стандарди.

**Студиски програми**

Имплементација на студиските програми и тоа преку техничко подобрување во нивниот концепт.

Студиските програми ќе бидат поткрепени и со техничка помош и тоа:

- Обезбедување на простории за изведување на наставата;
- Обезбедување на литература за наставничкиот кадар;
- Обезбедување на една посета на еден од Факултетите во соседството кои имаат исти или сродни студиски програми;
- Обезбедување и опремување на простор за методичка лабораторија;
- Организирање на еднодневни екскурзии низ државата предводени од наставничкиот кадар кој ќе реализира по една содржина од својот предмет на местото;
- Обезбедување на реквизити потребни за предучилишната возраст за реализирање на предметот Физичко воспитание и образование со методика;
- Посета на детски установи и институции во државата и во соседството;
- Потпишување на договори за соработка и партнерство во проекти со институциите во градот (Центар за социјални грижи, КПД и Домот за деца без родители – Скопје);
- Организирање на трибини во средните училишта што подоцна ќе резултира со привлекување на студенти.

**Студенти и студирање**

- Продолжување на обврските на продеканот за настава секој семестар да има обраќање пред студентите и темелно запознавање со обврските и условите кои ги имаат.
- Продолжување на обврските на раководителите на зголемена комуникација со студентите и дополнителен термин во постоечките за консултација со студентите кои ќе бидат објавени на нашата веб-страница.
- Организирање на анкети (доставена листа на прашања од предметните наставници) двапати годишно преку кои ќе обезбедиме реална слика за нашето работење.
- Помош во обезбедувањето на услови за вклучување во научностражувачката работа, културниот живот преку помош во логистика на организирање форуми, концерти и изложби под раководство на предметните наставници.
- Вложување максимални напори за подобар интерактивен однос помеѓу студентите и наставниците.

**Наставни активности, наставнички кадар**:

- Продолжување со поддршката во насочување на младиот соработнички кадар во нивниот понатамошен развој;
- Подобрување на услови за научниот развој на секој наставник;
- Подобрување на условите во научниот развој на соработничкиот кадар и стимулирање преку неколку мерки за побрзо завршување на вториот и трет циклус на студии;
- Почитување на академската слобода на наставничкиот и соработничкиот кадар;
- Поттикнување на издавање на учебници и учебни помагала за секој предмет и поттикнување за поактивно користење на платформата за електронско учење;
- Одржување на состаноци со институции кои се занимаваат со образовниот процес;
- Поттикнување на објавување на научни трудови во списанија кои се реферираат во базите релевантни за струката;
- И други активности во функција на осовременување на наставата и функционирање на Факултетот за образовни науки.

**Научни и стручни активности**

- Континуирани средби со лица од МОН и Бирото за развој на образованието за изнаоѓање на можност за аплицирање на проекти во МОН.
- Поттикнување да се објавуваат научни трудови, учебници и стручна литература.

**Меѓународни активности**

- Професионална соработка со сите факултети од регионот и обезбедување на партнерска поврзаност за учество во проекти.
- Продолжување на агендата на посета на професори од странство кои ќе одржат предавања на нашиот факултет и студентите ќе се запознаат со еден друг начин на предавање и агенда на наши професори кои ќе одржат предавања на други факултети во регионот.
- Зголемување на бројот на странски студенти на нашите студиски програми, како за прв, така и за втор циклус.
- Учество во активностите на заедничкиот истражувачки центар (Joint Recearch Centre, JRC) и други програми и активности кои се соодветен дел на политиката за изградба на европското општество втемелено на знаење.

**Простор и опрема**

Со оглед на новодобиените простории, оваа година ќе се залагам за техничко и естетско доопремување и брендирање.

Проф. д-р Никола Смилков

## ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

Извештајот за работата на деканот на Факултетот за образовни науки за периодот од 30 септември 2011 година до 30 септември 2012 година претставува сумирање на резултатите и осврт на реализираните цели и задачи кои произлегуваат од стратегијата за развој на Факултетот.

**Формирање на Факултетот**

Педагошкиот факултет е јавна високообразовна установа која е формирана уште од 1965 година како Педагошка академија, а од 1995 година функционира како Педагошки факултет во склоп на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

Од септември 2007 година Педагошкиот факултет влезе во состав на новоформираниот државен Универзитет „Гоце Делчев"- Штип.

Од 12 декември 2011 година Педагошкиот факултет се трансформираше во Факултет за образовни науки, со цел да одговори на новите предизвици и студиски програми.

**Организациона поставеност на Факултетот**

**Наставно-научен совет**

Наставно-научниот совет е стручен орган и орган на управување на Факултетот. Наставно-научниот совет го сочинуваат избраните редовни и вонредни професори, доценти, како и претставници на соработниците и студентите.

**Избор на декан**

Ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев" проф. д-р Саша Митрев на ден 9.8.2011 г. со Одлука дел.бр. 0801-802/1 од 10.8.2011 година го избра проф. м-р Никола Смилков за декан на Факултетот за образовни науки. Со Одлука на Универзитетскиот сенат дел.бр. 0701-902/8 од 12.9.2011 година е потврдена Одлуката за избор на проф. м-р Никола Смилков за декан на Факултетот за образовни науки.

За продекан на Факултетот за образовни науки со Одлука на Наставно-научниот совет дел.бр. 2202-200/18 од 19.8.2011 година е избрана доц. д-р Снежана Јованова.

1. **Структура**

Наставната дејност на Факултетот ја изведуваат:

*2 - редовни професори*

проф. д-р Блаже Китанов и проф. д-р Снежана Ставрева-Веселинова;

*8 - вонредни професори*

проф. д-р Кирил Цацков, проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, проф. д-р Ленче Милошева, проф. д-р Владо Петровски, проф. д-р Снежана Мирасчиева, проф. д-р Соња Петровска, проф. д-р Виолета Николовска, проф. д-р Никола Смилков;

*3 - доценти,*

доц. д-р Борче Костов, доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, доц. д-р Кирил Барбареев;

*7 - соработници*

*5 - асистенти - магистри на науки, од кои двајца се доктори на науки*

асс. д-р Билјана Попевска-Митевска, асс. д-р Деспина Сивевска, асс. м-р Трајче Стојанов, асс. м-р Ирена Китанова и асс. м-р Даниела Коцева;

*2 - помлади асистенти*

помл. асс. Билјана Стојанова и помл. асс. Милена Ѓоќиќ.

*Административен кадар*

1 - технички секретар - секретар на Факултетот
Билјана Герасимова

1 - библиотекар
Љуба Миланова

2 - референт за студентски прашања
Милена Цацкова, Славица Спасова

2. **Оддели**

Оддел за одделенска настава
Оддел за предучилишно воспитание

Раководители на одделите
Доц. д-р Кирил Барбареев - Предучилишно воспитание
Проф. д-р Соња Петровска - Оддел за одделенска настава

3. **Извештај од одржаните седници на Наставно-научен совет**

Во текот на оваа година се одржани вкупно 17 седници на Наставно - научниот совет. Од направената анализа на дневниот ред на наведените седници е констатирано дека се разгледувани повеќе значајни точки: наставна проблематика, формирање на рецензенстки комисии за избор и реизбор на наставници и соработници, формирање на рецензентска комисија за издавање на учебници по одделни предмети, прифаќање на теми за магистерски трудови, формирање на рецензентски комисии за јавни одбрани на магистерски трудови, формирање на рецензентски комисии за подобност на теми за специјалистичките трудови, барања од наставници и соработници за присуство на научни собири и симпозиуми во земјава и во странство, барања од студенти и др.

**Дневен ред од седницата на 19.8.2011 година**

1. Усвојување на записникот од **8-та** седница на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на **7.7.2011 година.**
2. Донесување Одлука за избор на продекан на Педагошки факултет при УГД.
3. Донесување Одлука за избор на сенатор од Педагошки факултет при УГД.
4. Донесување Одлука за избор на асистент од наставно-научната област *педагогија и образование* на Педагошки факултет за м-р Деспина Сивевска.
5. Донесување Одлука за отсуство на наставнички кадар за учество во работилниците на УНИЦЕФ за ран детски развој и инклузивно образование.
6. Донесување Одлука за определување на наслов на тема за магистерски труд на кандидат Горан Иванов.
7. Донесување Одлука за определување на наслов на тема за магистерски труд на кандидатка Хилда Димитрова.
8. Донесување Одлука за определување на наслов на тема за магистерски труд на кандидатка Благица Ласовска.
9. Донесување Одлука за формирање Комисија за оцена на магистерски труд од Гордана Мирчовска.
10. Донесување Одлука за усвојување на извештај од Комисијата, формирање Комисија и определување датум за одбрана на магистерски труд од кандидатка Тања Камчева.
11. Донесување Одлука за усвојување на извештај од Комисијата, формирање Комисија и определување датум за одбрана на магистерски труд од кандидатка Соња Иванова.
12. Донесување Одлука за усвојување на извештај од Комисијата, формирање Комисија и определување датум за одбрана на магистерски труд од кандидатка Павлина Николовска.
13. Донесување Одлука по барања од студенти.
14. Донесување Одлука за оправдано отсуство за декан проф. м-р Никола Смилков.
15. Разно.

**Донесени одлуки:**

- Одлука за определување на наслов на тема за магистерски труд на кандидат Горан Иванов;
- Одлука за определување на наслов на тема за магистерски труд на кандидатка Хилда Димитрова;
- Одлука за определување на наслов на тема за магистерски труд на кандидатка Благица Ласовска;
- Одлука за усвојување на извештај од Комисијата, формирање Комисија и определување датум за одбрана на магистерски труд од кандидатка Тања Камчева;

- Одлука за усвојување на извештај од Комисијата, формирање Комисија и определување датум за одбрана на магистерски труд од кандидатка Соња Иванова;
- Одлука за усвојување на извештај од Комисијата, формирање Комисија и определување датум за одбрана на магистерски труд од кандидатка Павлина Николовска.

**Дневен ред од седницата на 20.9.2011 година**

1. Усвојување на записникот од 9-тата седница на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип одржана на 19.8.2011 година.
2. Донесување Одлука за избор во вонреден професор за д-р Виолета Николовска.
3. Донесување Одлука за определување на број на членови на Наставно-научен совет на Педагошки факултет.
